СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 октомври 1992 година

Скопје, октомври 1992 година

**50 (ПЕДЕСЕТТА) СЕДНИЦА - I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОДРЖАНА НА 9.X.1992**


| | |
|---|---|
| 1. СТОЈАН АНДОВ | 1, 86 |
| 2. АЛИУ ЕШТРЕФ | 9, 123 |
| 3. АБДИ ФАИК | 18 |
| 4. АНДОНОВ ТИМЕ | 58 |
| 5. АЛИУ ХАМИД | 123 |
| 6. АРСОБВСКИ БРАНКО | 124 |
| 7. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД | 127 |
| 8. БОЈКОВСКИЃОРЃИ | 56 |
| 9. ГОШЕВ ТУШЕ | 98, 101, 104 |
| 10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР | 126 |
| 11. ИВАНОВ ЉУБИСАВ | 1 |
| 12. ДИМОВ ТОДОР | 49 |
| 13. ИВАНОВ ИВАН | 114, 117 |
| 14. ИВАНОВСКИ СИМОН | 120-а |
| 15. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА | 93, 114, 118, 120 |
| 16. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ | 41 |
| 17. РИСТО КЕЛЕШОВ | 68 |
| 18. КРСТЕВСКИ НИКОЛА | 116 |
| 19. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | 28 |
| 20. МИНОВ ПАНЧО | 48 |
| 21. МАНЕВ ЕФТИМ | 54 |
| 22. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР | 59 |
| 23. ПЕТРОВ ТОДОР | 78, 110, 116, 128 |
| 24. ПАНОВСКИ МИХАИЛ | 80, 125 |
| 25. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР | 104 |
| 26. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА | 52 |
| 27. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ | 64, 78, 100, 118 |
| 28. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ | 75 |
| 29. СТОЈКОВ СТОИЛЕ | 85 |
| 30. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ | 94, 99, 102, 106 |
| 31. САБРИУ ИЛИЈАЗ | 112 |
| 32. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР | 15 |
| 33. ТОДОРОВА СОФИЈА | 68 |
| 34. ХАЛИЛИ МУХАМЕД | 103 |
| 35. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | 108 |


ПРОДОЛЖУВА

# СТНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од I-то продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 октомври 1992 г.**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала број 1 со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да почнеме со работа.

Има збор Љубосав Иванов.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседтеле, господа пратеници. Ние по втор пат расправаме за една многу значајна област од целокупниот наш општествено - еконокски, социјален и политички живот, една област која практично претставува фундамент на нашиот живот.

Вчера претседателот на нашата Влада своето излагање од прилика го заврши со мислата дека ние како општество треба сега да постигнеме консензус по социјалните и политички прашања кај нас во државата Македонска. Јас потполно се согласувам со тој негов завршен збор, со тој додадок, што би рекол дека ние по економските прашања во Македонија, по сите овие прашања треба, и порано тоа сум го кажувал што побргу, ако треба да останеме овде и неколку дена да расправаме , да постигнеме потполно исти гледишта, да дојдеме до тие исти сознанија и во практичниот живот сите да се залагаме за нивно целосно спроведување.

Вие добро се сеќавате дека ние на еден многу величествен празник, Велигден ја донесовме прата Антиинфлациона програма. Тогаш многу од нас укажаа дека таа програма има свое влијание и свое дејствие ќе има неколку месеци и дека таа програма не е комплетна, не е таа која може да не извлече од оваа економска ситуација во која се најдовме затоа што

недостига вториот дел на таа програма што ќе значи веќе силно зауставување на негативните токови и почнување на позитивни процеси. Тогаш креаторите на таа програма заедно со Владата признаа дека таа програма ќе има ограничено дејствие и се согласија за неколку месеци да ни се предложи вториот дел од Програмата. Меѓутоа, сите чинители кои учествуваа во изготвувањето на таа програм и подоцна во донесувањето на одлуките на таа програма ние знаеме како се однесуваа и почнавме ние самите таа програма да ја пробиеме. Прво, Владата ја проби со пробивањето на цените, цените на електричната енергија на нафтата, житото, брашното итн. Знам дека сите ќе кажете па тоа мораше да се направи затоа што цените на електричната енергија беа депресивни и дека таму не се остварува ни^аква акумулација, дека ќе ја доведеме една читава гранка во тешка положба, а исто така и за другите поместувања имаа десетина оправдувања. Меѓутоа, ако има десетина оправдување, има сто кои зборува против тоа да се направи во тој момент кога ние се залагаме да ја зауставиме инфлацијата, да ги зауставиме негативните токови во економското работење Тука ми е сега зборот ако ние сакаме нешто да постигнеме ние по тие прашања мораме да имаме јасни определби. Никакви влијанија, никакви притисоци, било да се тоа партиски, поединечни, регионални итн., не треба да доаѓаат до израз, па било да е тоа и во примарната емисија, било во кој дел од тие четири сидра на таа програма. Било кое од нив да се поремети доаѓа до крупно пореметување натаму, како што можевте и да видите, како што и доживеавме, како што се случи итн.

Кога би било тоа таа стара Влада и кога би ги носела овие дополнителни мерки со оваа програма, јас никогаш не би ги поддржал. Не да не би ги поддржал затоа што е тоа стара Влада туку не би ги поддржал затоа што се тие несоодветни и не економски, бидејќи веќе еднаш имавме ние таква програма и за неколку месеци не се носи втора програма.

Меѓутоа, овој пат практично сме ставени пред свршен чин, една нова Влада во едно тешко време и тешка ситуација дојде, а оваа ситуација многу по сложена и потешка отколку што беше ситуацијата пред четири месеци по било кој основ.

Знаете вие што се случи во меѓувреме. Ние практично ги изгубвиме југословенскиот пазар, дојде во меѓувреме огромна блокада од север, блокада од југ, нафтената криза, се влошија сите економски услови на работење, значајно опадна производството, продуктивноста, економичноста итн., и денес е многу по тешка оваа состојба отколку што беше и сега практично сме ставени пред една ситуација на живеење на една огромна хиперинфлаицја и така оваа нова Влада беше доведена во таква ситуација. Таа немаше ништо што друго да направи, туку да прелдожи една реконструкција или санација или дополнување на таа програма што ја имавме од пред четири месеци. И јас ја така сфаќам да се добие во време од неколку месеци, да се изготви оној вториот дел од програмата што ќе значи оживуваше на стопанството. Ако е тоа така јас мислам дека ние во тој правец треба да укажеме на некои практични решавања за да почнеме да излегуваме од состојбите во кои се наоѓаме.

Јас мислам дека сите ќе се согласиме со тоа, јас вчера не ги слушав сите дискусии затоа што бев отсутен, но мислам дека во тој правец не може да има друго размислување туку дека во овој момент ние не можеме ништо повеќе да понудиме отколку што понудила оваа Влада и во овој момент не можеме ништо повеќе и ние да предложиме, па и било кој експертски тим, наоѓајќи се во тој временски теснец но затоа можеме уште сега да се договориме за едно многу побрзо изготвување на една нова програма што ќе значи еден нов дел на оваа програма без овие сидра. Тие мора да се напуштат за неколку месеци затоа што тие се антипазарни затоа што тие после неколку месеци ќе претставуваат една огромна кочница во

I/4.-

стопанскиот развој ќе ги заустави сите токови. Практично тоа се административни мерки, но мора да уследи програма за оживување на стопанството.

Си има еден осеќај дека во оваа наша земја Македонија Владее една голема апатија, дефитизам, една огромна демотивираност. Се има впечаток дека ние не можеме да излеземе од состојбите во кои што сме. можеби и ние со наши однесувања овде во голем дел и нашите средства за информирање создадоа таква клима. Па може ли една држава да биде без излезни решенија. Може ли еден народ да нема свој визија и своја иднина. Јас мислам дека не може. Ние за 45 години изградивме огромна индустрија, гледате дека нема град без десетина фабрики, рудници, трговија угостителство, изградивме патишта, железници итн. Ние направивме големо материјално богатство. Но, тие капацитети што«си изградивме ние денес ги користиме многу ниско, некој со30% некој со 40% некој со 50% ретко кој над 50%. Сега треба да седнеме и да видиме не нашава Влада да иде па да прави и организира производство во тие фабрики туку со ред мерки да ги активира тие капацитети, да ги доведеме на користење од 70 или 80%, да создадеме едно -огромно производство, бидејќи ако имаме големо производство ќе имаме многу стока за извоз и тогаш ќе извезуваме и ќе из- даваме многу девизни средства и ќе можеме да ја увезуваме и онаа сток што ја немаме. Ние изградивме една железара за еден милион тони челични лимови. Треба да видиме што треба да направиме таа железара да работи. Не Владата, како што реков да иде и да организира производство, но затоа Владата преку разни билатерални разговори со соседни земји, со подалечни земји да бара можности за пласман на наши производи по поповолни услуги. Ние денес имаме извонредно добри политички односи со една Турција. Турција има 80 милиони народ. Во Турција некаде околу 3,до 3,5 милиони има македонци од Турција. Прочитав пред некој ден Демирел му рече на нашиот потпретседател зошто не

I/5.-

пласирате роба овде. Јас би му рекол зошто вие не не овозможите да пласираме поголеми количини на стока во Турција. Како што Америка не прогласи за повластена нација зошто тоа не го побараме од една Бугарија, од една Турција кои нема да бараат во овој момент реципроцитет затоа што имајќи ја предвид нашата економска моќ. Многу од тие земји тоа би го прифатиле да разговараат и да ни овозможат да се укинат таксите царините и носи бариери што постојат сега за нашата стока и нашата стока да биде побрзо пристапачна таму. Ние тука досега направивме крупни грешки. Ние многу се оптоваривме со тоа светот да не признае како држава. Светот има сови калкулации. Веројатно еден де] ќе не признае, но ние во тој правец потрошивме огромна енергија. А, дел од таа енергија што ја потрошевме за разрешување на овие економ- ски проблеми па и проблемите со Европската заедница кои денес исто та се огромни проблеми ние сеуште го немаме разрешено прашањето за квотите за пласман на месото на текстил, на сите оние производи каде што се квоти одделуваат во тие групации.

Нашиот министер за надворешни работи иде и разговара за име за несогласување со бивша југословенска република Македонија, со разни скратеници, итн., но во исто време треба да разговара зошто квотите за извозот на месото во Европската заедница не се одобруваат. Зошто тоа се направи за Словенија Хрватска за БИХ а не се направи за Македонија. Утре ние ќе имаме и други тешкотии. Зошто воведоа дополнителни такси за наши производи кои се пласираат во ЕЗ,. посебно на транспортни возила итн., зошто не ни се одобруваат дозволи, тирови, итн. Еве тоа се само неколку проблеми се многу значајни за наше понатамошно работење.

Ако имаме ние погодности на тие пазари, ако ги имаме разрешено овие прашања, ние сигурно дека ќе можевме, барам оваа година поради

I/6.-

немање на вакви дозволи сигурно сме изгубиле 30,40 и до 50 милиони долари, а тоа е многу значајно. Тоа е една работа на која сакам да укажам и на која Владата мора брзо да работи, а не само Владата туку и сите институции во Македонија, на разрешување на проблемите каде таа е надлежна и каде таа може да ги решава за разлика од нас кои како поединци и како организации тоа не можеме да го напаривме ниту со субјектите во тие земји.

Второ, Владата треба брзо да создаде услови за една инвестициона политика. Веднаш сега некој ќе каже од каде средства. Јас мислам дека ние прво треба да се слониме на сопствените сили. Треба дефинитивно да расчистиме со тоа прашање дека некој ќе ни каде пари од страна. Многу се залажуваме со таа работа. И светот е во голема криза. И Америка има рецесии и Канада има рецесии и Европската заедница е зафатена со рецесија. Гледате вие како паѓа лирата, фунтата, и таму работници секој ден остануваат без работа, се затвараат фабриките, а имајќи ја пак предвид и себичноста на тој свет и нерешените политички проблеми ние дефинитивно за неколку години треба да знаме дека нема додатна акумулација. Но, ние имаме акумулација во својата држава. Па ние градевме многу објекти. Дел од тие средства се враќаат во банките. Банките имаат соодветна акумулација. Ние мораме да напра- виме длабоки резови во прераспределбата на националниот доход. Ние мораме да го растовариме стопанството. Дел од тоа стопанство, и денес создава акумулација. Меѓутоа тие акумулации треба да ги зголемиме со растоварување. Треба тие средства да ги насочиме во инвестиции. Огромен дел на средства имаме кај населението кое ја изгуби довербата во нашите банки. Практично ние немаме штедачи. Некои проценки зборуваат дека имаме близу една милијарда долари во домашни трезори, перници, сламарицитн., како сега тие средства да ги акумулираме. Мораме прво да ја

вратиме довербата кај штетачите. Добро е  Владата што предлага брзо да се продаваат државните материјални добра и во правец на разрешување на штедењето. Тоа се становите, тоа е деловниот простор, но во исто време Владата не смее тука да направи грешка. Тоа е задна шанса со кое материјално благо располага Владата и ние како Македонија мораме тоа паметно да го искористиме. Дел од штедните влогови, еден значаен дел да им се повратат на луѓето, да се врати угледот на банките, да се воспостави правна, нормална држава, во тој поглед и секој да располага со своите средства и народот да почне сега и да штеди во банките, а во исто време да создадеме услови тие средства да ги ангажираме во производи капацитети, а не како досега што праевме во трговски. Значи тој дел мора да се дестимулира, да се активира, да почне да се вложува во мали организации, мали производни единици, да почне да оживува производството.

Исто така владата мора и може многу да направи во развојот на туризмот. Со една изјава на Ванден Брук министерот за надворешни работи на Холандија се заоставија туристите на Холандија да дојдат тука. Македонија која е оаза на миро? ако велиме дека сме стабилна држава зошто не седнеме да преговараме со Германија, со Холандија и повторно да ги повратиме тие туристи. Имаме огромни неискористени капацитети во Македонија: хотели и приватни сместувања. Еве видете има големи правци во кои може многу брзо да се постигнат резултати од каде може да се создаде едно големо богатство, но мора да се работи, мора нашата Владата, сегашна и поранешната мораше да пристапи кон практично разрушување ан проблемите, не со кукање, со констатации. Од тоа нема никаква фајда. Туку да почнеме да работиме. Јас мислам во тој поглед, треба сите да постигнеме согласност, сите во тој поглед на притиснеме и да бараме нема 15 дена можеби на месец дена да бараме извештај во тој

правец на Владата да не информира што се таа направила во каква состојба е стопанството, дали ги уставивме тие негативни токови, што Владата уште планира, а како заклучок со вториот дел на програмата Владата да дојде пред парламентот најдоцна за 6о дена.

II/1/лк/см

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, во оваа прилика, бидејќи одвај стигнавме да имаме кворум, немам желба ништо ново да ви претставам од мојава програма за економска политика. Излегов на говорница да изјавам дека чувствувам дека наша првенствена задача е да се сконцентрираме на воведниот збор на премиерот на Владата. Во тој воведен збор нашата активност или нашите интелектуални можности да се ориентираат во два правци, во поддршка на програмата доколку се согласуваме и мислиме дека тоа е неопходен минимум што може да го понуди Владата во овој миг и од друга страна, спротивставување на програмата сфатено од друга позиција т.е. група која добронамерно ќе настапи критички и тоа доста длабоко се со цел да се помогне овие мерки на Владата да бидат во права функција на сите граѓани на РМ и да придонесат што поуспешно да почнеме малку послободно да дишеме т.е. да излеземе од кризата.

До сега, слушајќи од колегите пратеници што се кажува ние пак остануваме по се изгледа на исти позиции како и до сега, исти дискусии, исти размислувања, исти спротивставувања како и со експертската влада. Намерата ми е да истакнам дека морална должност ни е на оваа Влада да и овозможиме услови и простор да делува што е можно поконкретно и подобро, да помине мал временски интервал и нормално доколку заклучиме дека оваа екипа што е составена од три партии во една коалиција ќе го положи испитот или не.

Мислам дека воопшто немаме потреба со фрази ниту да фалиме ниту да се обвинуваме, апсолутно, а така почна ѓонски на прва топка со првиот говорник на вчерашната седница. Ред е ние пратениците да навикнеме еднаш за секогаш со нешто што се согласуваме тоа да го конкретизираме со факти и ако поддржуваме истото да го направиме.

Дел од точките што мислев да ги кажам и признавам далеку понестручно, претходниот говорник ги кажа и јас сум му благодарен. Јас би истакнал две три точки за кои по мое лаичко видување би требало Владата да води малку повеќе сметка. Инаку онака какви сме ние во Парламентот, по се изгледа Владата и да прави максимални напори, да подготвува за нас буквар за излез од кризата, и на тој буквар ќе најдеме многу мани, многу неслагања и многу спротивности. За среќа Владата е толку зрела и знае дека нема потреба од буквар, туку треба да го направи тоа што е неопходно. Пари ќе имаме ако сите работиме, секој професионално својата работа, сите заеднички далеку повеќе.

Во принцип не сум за урамниловка, а тука веќе се појавуваат тенденции, туку сум да се вложат напори да се направи социјална карта и извесен број граѓани т.е. вработени со помалку лични доходи да се стимулираат во разни можни постојни форми. Најилустративно треба да се води сметка во секојдневните прехранбени артикли за извесна категорија граѓани, тие за нив да бидат поевтини. Не литар масло подеднакво да го плаќаме и Ешреф Алиу и граѓанинот на кој ќе му се обезбеди минимумот. Такви искуства, такви сознанија такви форми ниту се тешки да се применуваат ниту ни недостасува пракса.

Втора работа, мислам дека Владата треба да најде начин и форми, а и Парламентот со личен пример, првенствено да се апелира да ја подобриме културата на трудот и поединечниот однос кон работата, да сфатиме еднаш за секогаш дека без работа не ќе имаме ама баш ништо. Владата со предвидените мерки, дадени конкретно со понудените закони, за мене тоа се факти и на нив треба подетално да се задржиме, нуди една визија и со доста работи треба да се согласиме, треба да се ангажираме да придонесеме за да биде навистина во онаа права потполна функција на

граѓанинот. Со свртување на секој кон своите работни задачи и залагања тие да се исполнат, да почне да се подобри производството треба без друго, како што кажа претходниот дискутант, да се ревитализираат поважните објекти во Републиката и дури тогаш, се разбира, ние можеме да почнеме да стануваме сигурни дека работата ќе тргне. Една работа би молел, со ревитализација на објектите и отворање на нови работни места треба малку да се зголеми грижата кон цела армија невработени професионални кадри, а и за сите други колку е можно. Во оваа прилика јас можев толку да кажам и ценам дека дополнителните мерки на економската политика што ги нуди Владата се добра база, добра почва работите да тргнат напред.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, дополнителните мерки на економската политика од стабилизационен карактер, предложени од Владата, ги сфаќам како мерки кои се во функција на времено разрешуваше на нарушените економски, политички и социјални состојби во Република Македонија. Истите според мое видување имаат палијативен карактер и се од краток дах. Можат да се прифатат само како преодно решение со единствена цел до некаде да ги амортизираат нарушените стопански текови и во извесна мерка да ја ублажат доста нарушената социјална и економска сигурност на нај- големиот дел од граѓаните во Република Македонија.

Според мене, овие мерки се само еден вид модификација на претходно утврдените мерки, со извесно нијансирање од Антиинфлационата програма што беше предложена од претходната Влада, а усвоена од ова Собрание. Се разбира, има и еден дел мерки кои претставуваат извесна новина, што може да се оцени како една неминовност.

Инаку, во целина како пакет на мерки, со исклучок на некои, ги прифаќам заради тоа што во овој момент се прифатливи, а со извесна но доста строга рационална дисциплина и контрола можеби ќе дадат конкретни резултати. Меѓутоа, имајќи го предвид искуството од Антиинфлационата програма, што беше донесена од страна на ова Собрание, уште во нејзиното конципирање и усвојување веднаш беше пробиена од некои стопански и некои други субјекти, во најголемиот дел учествуваше субјективниот фактор, а да не зборуваме и за институциите кои се задолжени да ја вршат контролата и реализацијата на програмата. Нормално, за да се обезбеди и принципот на правичност и еднаквост, како резултат на тоа следеше измената на Законот за платите со дел да ги усогласи личните доходи меѓу општествените дејности и најголемиот дел од стопанските субјекти.

Како последица на пробивањето на Антиинфлационата програма се создадоа можности за нејзино нарушување, што во крајна мерка и се стори. Искрено да кажам се плашам и во оваа прилика дали државата е спремна до крај да ги реализира мерките, заради тоа што остварувањето на мерките е поврзано со нивно крајно почитување преку изострена дисциплина и контрола од оние што треба да ги реализираат и оние што ги нудат. Во пракса се сретнуваме со крајна недисциплина и сосема запоставена контрола од најкомпетентните органи. Општо е познато дека во најголем дел за појава на сивата економија, шверцот, корупцијата, митото, изигрување на постојните позитивни законски прописи во најголема мерка кумуваат токму државните органи, односно органите кои беа задолжени да ја следат и остваруваат програмата. Зарем толку е тешко да се потврди дека многу приватни па и општествени фирми на многу видлив и познат начин ги изигруваат обврските спрема државата, такаречи на око на државните органи, не плаќаат одредени царини или ги избегнуваат за

увезена стока, не плаќаат придонеси и данок, го осиромашуваат буџетот на државата, а индиректно го користат преку образование, здравство, социјална и друг вид заштита. Значи, прекуноќ се збогатуваат на штета на државата па и граѓаните, а за мене, па можеби и во светот не е познато еден приватен субјект да отвори фирма со капитал од 20 илјади марки за да после 6-7 месеци да има капитал од милион марки. Која е таа светска продуктивност? Мислам дека економистите не знаат за некој обрт на пари од преку 200 0 и повеќе пати. Изгледа само кај нас е можно еден субјект од неколку месеци да стане многу богат, но не на легален туку на нелегален начин.

Кога ќе се направи анализа на сето напред изнесено, а и ка она што не е спомнато, може да се извлече заклучок, еден единствен, барем според мое видување, дали државата објективно има механизми и може да ги надмине сите аномалии што се присутни во ова време и дали може реално да ги реализира сите предвидени мерки.

На крајот сакам поконкретно да се осврнам на еден дел од мерките, а се однесува на точката 4, во која се предвидува . јавната потрошувачка да се движи во рамките на 35% од општествениот производ. Колку е реално ова зафаќање јас немам доволно податоци, меѓутоа она што го имам како податок од финансиските документи, барем според засега создадените обврски спрема субјектите што и припаѓаат на јавната потрошувачка, претпоставувам ако нема некоја квалитетна рационализација дека овој процент од 35% ќе биде пробиен или пак ќе се јави потреба од печатење на нови пари. Имам убедување дека одредени служби од јавната потрошувачка, па и буџетските, и сега се зголемуваат со нови стручни кадри. Зошто, сигурно ресорните министерства можат тоа да го кажат.

Инаку, вака утврдената стапка од 35% императивно налага рационализација или ограничување на вкупната маса за секој корисник, без разлика на нивните потреби и бројот на вработените.

Што се однесува до мерката под број 5 која се однесува исклучиво на платите и некои други форми, во оваа мерка е предвидено најниската плата да изнесува 61.000 денари. Така со оваа мерка

Владата најверојатно сака да ја ограничи вкупната маса на парични примања со единствена цел, нормално и оној високиот и максималниот, истата да не ја стимулира инфлацијата. Јас и во оваа прилика сметам и длабоко сум убеден дека сегашната висина на личните доходи на вработените во сите сфери на општествениот живот не е еден од најважните генератори на инфлацијата токму заради тоа што со таа маса на едно семејство со најмалку 4 члена не му се овозможува минимум биолошка егзистенција и лично сметам дека Владата во овој момент нема некаква поквалитетна анализа во која ќе се анализираат до крај материјалните можности на секој граѓанин во Македонија. Според мое убедување најголемиот дел од личните примања на повеќе од 20% население се надвор од увидот на било кој државен орган. Еве само да спомнам еден пример.

Од Македонија на привремена работа во странство се наоѓаат повеќе од 20.000 граѓани, помножено со факторот 4 или 5 тоа се околу стотина илјади граѓани или една десетина од вкупната популација кои имаат во просек преку две три илјади германски марки чист личен доход или 20 до 25 лични доходи во рамките на РМ оној што работи. Колку тоа влијае на инфлацијата на никого не му е познато.

Исто така, убеден сум дека околу 15% од популацијата во Македонија има такви материјални примаша што можат да си овозможат комодитет и директно или индиректно да влијаат врз инфлаторните движења, а да не зборуваме за парична маса која претставува резерва во секое семејство и во секој момент истата може да се уфрли и да претставува еден инфлаторен елемент.

Што се однесува до точката под број 11 мислам дека и понатаму треба да опстоиме да се применува социјалната програма но со една сериозна забелешка дека истата не смее да биде демотивирачка и да не е во функција на социјалната и економската политика. Тоа значи дека истата мора да се применува за оној граѓанин кој навистина поради општествени но и лични причини се нашол или постои можност да се најде во положба од социјална потреба.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани колеги, дополнителните мерки ги сфаќам и прифаќам како времен проект, како соло мерки што ќе и помогнат на постојната Антиинфлаторна програма. Овие мерки содржат и нешто ново, толку ново колку што е можно да се изгради на еден сеуште непреструктуиран стопански систем. Неспорно е дека дополнителните мерки даваат можност за социјален мир во мирнава Република низ распоредување на товарот на кризата на сите субјекти. Даваат и малку време за работа врз правите системски проекти, а со цел економска валоризација на суверенитетот на Ре- публиката. Притоа, Владата мора да има предвид дека правото на комодитет, правото на грешка, а и времето скоро се потрошени и за Владата и за Парламентот и за социјалните субјекти. Ова затоа што Македонија е хендикепирана со забавеното

меѓународно признание, со опкружување кое не се однесува цивилизациски во економијата, со нафтена криза и право на бонови без порција гориво, со илузија за екстерна финансиска поддршка која ја нема, што налага размисла Владата да проектира и модели на преструктуирање без надворешна финансиска помош. Затоа што економистите велат дека способните кадрови создаваат капитал од ништо, а неспособните од капитал ништо. Македонија е сеуште со билансна нерамнотежа во Буџетот и фондовите во надградбата, со битпазарска проекција на бизнисот, бизнисмени врз скриен капитал од областа на сивата економија преку тутунот, алкохолот, безалкохолните пијалаци, лековите, кафето и што ли уште не, со микроекономски субјекти кои не пријавуваат работници или ги пријавуваат на ниски основици, со општествена сопственост во агонија поради однесувањето на нејзините носители согласно дневните потреби.

III/1/CJ/OM

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ**: /продолжение

И сега имаме дополнителни мерки на антиинфлаторната програма на Владата како мини програми со амбиција низ нивна операционализација да ги елиминира споменатите и други бројни небулози.

Што се однесува за сидрото плати не опортуно дополнителните мерки што се потпираат и врз огранучувањето на платите, но временски ограничено зошто со регулирање на платите од страна на државата со анексирање таа се јавува во овој случај и како партнер во обезбедување на средства и на ониe субјекти кои што сами не можат да создаваат доход. неспорно е дека државата може да ги ограничува платите во монополските организации и буџетските потрошувачки ставајќи ги во одредена пропорција со другите, но правата цел не е добра та Влада туку добрите стопански субјекти.

Инаку, работната сила како роба јасно е дека има своја цена што се вика плата и таа се валоризира само на пазар, а не со колективни договори или други модели .

Што се однесува за сидрото јавна потрошувачка во јавниот сектор, Владата со дополнителните мерки и тој сектор го одржува во живот но, морам да речам пак времено. Би сакал да кажам дека здравствената дејност како сектор во јавниот сектор финансиски се сатурира од свои автономен извор, фонд е тешко болна заради истите причини штос е релевантни за буџетот, меѓутоа бара а овој пат и наоѓа поддршка со дополнителните мерки на Владата особено по прашањето на лекови кои штос е ставаат заедно со црното злато, им се дава предност од приливот на девизите со квота 30%. Меѓутоа, преживувањето на јавниот сектор е можно само ако профункционира инструминтариумот на правната држава, а таа не функционира никогаш сама од себе туку треба да биде поттикната од

носителите на власта, да се престанат придонесите и даноците особено данокот на прометот и на услугите за кои доста се зборуваше.

Доколку се усвои законот за порез на платите мислам дека на работниците не ќе им биде криво, па дури ќе сакаат некој да прима повеќе зашто дел и ќе враќа на државата, секако и ова е времено. Меѓутоа, мислам дека Владата при насочувањето на тие средства може да се определи за повратна стратегија. Доколку средствата што ќе се создаваат по примена на законот на платите на пример во здравството може да се насочуваат во здравството за лекови, или во стопанството за развој.

И на крај сакам да кажам дека решавањето на енигмата на општествената сопственост како колективна заблуда е капитален проект на Владата што ќе ја детерминира иднината на економскиот суверенитет на Македонија. Ако тоа успееме мислам дека многу ќе се стори.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, овие два дена расправаме за една многу сериозна работа и наместо во едни нормални услови ние денес во овој временски период од годината да расправаме за некои си општествено економски развој за идната година расправаме за 1992 година, мислејќи дека овој месец два ќе направиме којзнае колку итн. меѓутоа, се согласувам, не треба да бидеме песимисти туку треба да бидеме оптимисти и веднаш да кажам дека давам полна поддршка на овие мерки што се предложени од страна на Владата со тоа што имам одредени свои согледувања во делот на личната потрошувачка односно личните доходи.

Знам дека сме соочени со големи тешкотии, сивата економија има земено голем замах, она што овде пред малку еден пратеник кажа битпазарска проекција на една или на друга страна, има големи потешкотии во нашето стопанство што е сето тоа познато но една работа е многу битна. Народот е народ. Ние одиме по улици, ние одиме на битпазар, одиме незнам каде и граѓаните од нас чекаат спас. Вие во парламентот, што ќе речат тие во парламентот, што ќе одлучат, што може да се одлучи. Мислам дека немаме право, јас и порано не сум ја критикувал првата Влада, ниту сега ќе ја критикувам Владата, никој од нас нема право заради тоа што вчера се критикуваа некои работи да каже или да рече штом не учествуваме во Владата ќе биде вака или ќе биде онака, и мора да застанеме спротивно на таа Влада спротивно на мерките на таа Влада. Не е тоа заради тоа што оваа Македонија не може да ја поделиме, овие гласале за оваа партија или за онаа партија или да ги поделиме овие ќе успеат или оние нема да успеат, Македонија е во прашање. Ако сакаме да и помогнеме на Македонија да има консензус. Некои овде вчера рече дека ни треба општа политичка согласност. Без таа политичка согласност, без тој политички консензус нема да има економски прогрес, ако е така, за кого велиме тоа, за Македонија. Дајте, да постигнеме некоја согласност и да не си ставаме сопки сами на себеси, а тоа значи да се согласиме < со некои и нешта кои што иако се замаглени сепак даваат малку надеж да се појде напред.

Ако се сеќавате на 25 април кога ја донесовме антиинфлационата програма л се осамостоиме, добивме наша монета, рековме ќе имаме денар, ги покажавме овде парите, видовме кои се, настана промена на парите. Ако се сеќавате имаше многу поголеми средства во опток отколку што мислевме дека има кај граѓаните. И мораше да се печатат други пари односно да се дадат во оптицај. Тоа што треба да значи, тоа беше еден

голем сигнал од сите нас. ние викаме дека Македонија е многу сиромашна, во беда сме, и тоа со години, 12 години не престанува падот на индустриското производство, во пад е општествениот производ, меѓутоа Македонија не е сиромашна. Македонија има пари, државата нема пари. Кај кого се парите? Парите се кај народот. кај кој народ? Треба да видиме каде.

Овие мерки што беа и порано зацртани и сеґа како припомош мислам дека многу тешко ќе се применат, многу тешко ќе дојдат до израз, до ожитворување, доколку ние немаме една работа што мора ние првин тука да бидеме дисциплинирани, овде во овој парламент и во оваа Влада, па пота со стопанството, односно малото стопанство односно она што се вика улична трговија итн. Значи треба , ако се сеќавате вие ние едно време гледавме филмови со Елиот Нес "Непоколебливи" ни треба таква полиција, ни требаат такви луѓе. Време на прохибиција ова кај нас е време на прохибиција, забрана , ова може, ова не може да се направи. И таму во Америка било демократија па е прогласено време на прохибиција. Зошто не е лесно да се оди по улици да се види се што се прави. Тоа е пропаст. не е лесно да има сознавање дека идат цистерни мазут, бензин, нафта итн. меѓутоа, Македонија е транзит, тие одат на друго место. Зар е тоа толку лесно, не е лесно. Јас ова не можам да го потврдам меѓутоа ете има такви сомневања. Мислам дека нашата Влада овде треба да излезе со една сметка, ја се извинувам ако ја има сметката, а не сум ја видел да ми биде кажано, за нашите електро потреби и нафтени деривати и нафта до крајот на годината односно за привите три месеци од 93 година. Какви се кај нас потребите од електроенергијата. Дали ние имаме доволно количество на електроенергија или не да не дојде до распад на електроенергетскиот систем во Македонија. Ако се сеќавате овде ние овде пред две години еден од колегите пратеници зборуваше дека ние извезуваме електроенергија,

III/5

ние сме богати, заради тоа што ние не користевме капацитетите, беше сезона на годишни одмори итн. И имавме некоја електроенергија која во моментот, нормално ја продадовме. Меѓутоа, еве сега сме на почетокот на грејната сезона, што правиме со народот, има ли излез да се даде некој одговор. Народот треба да знае што го чека.

Ако викаме дека сме живееле многу убаво, многу модерно некогаш, спротивно на тоа ни мора да признаеме на некој начин модерно пропаѓаме, но тоа пропаѓање да биде што побавно за да може да се закрепиме со сили. Јас се согласувам дека тоа треба да го правиме со внатрешни сили, меѓутоа јас сум цврсто убеден во себеси се додека не дојде нашето признавање на Република Македонија и се додека меѓу- народниот монетарен фонд и меѓународната банка за обнова и развој и другите финансиски институции додека не помогнат ние многу тешко ќе испливаме од оваа беда. Замислете ние имаме помалку производство отколку минатата година сега и тоа минатата година истиот период, а минатата година што беше тоа во споредба со предминатата година и секоја година одиме се подолу и подолу. Нема национален доход, нема од каде. трговијата носи нешто, но која е таа трговија. јас се согласувам со колегата Љубисав Иванов дека треба да се отвориме према сите односно веднаш према Турција, ајде да ја прогласиме за нај повластена нација како што Америка го направи тоа. Дали е тоа тоа, дали е тука излезот, тоа е сепак знак прашање. И дали може тоа да се направи Да не зборувам јас за нашите констатации со Турција кој интерес владее што како, кој интерес владее кој надвладее итн. ние може да бидеме благодарни за она што го направи Турција и не е лесно држава  се откаже од вредност од 3 милиони нафта и нафтени деривати. па дури и слушаме некои мизерни што се и контрадикторни од некои партии, од одредени луѓе, лица, раководни по стопанските организации и по  други субјекти. Нас ни е драгоцена секоја

помош, но мора да бидеме свесни што сега тоа значи и мора да застанеме на свои нозе.

Посебно ќе зборувам нешто околу мерките што се предложени и околу Законот за исплата на платите и другите дивиденди во Републиката. Ние кога го донесовме законот оној поранешниот за стоп на исплатата на личните доходи кои не мислевме дека ќе дојде до вакво нешто. Ние не мислевме дека тоа ќе направи таков продор и дека ќе дојде во прашање и реалното и номиналното многу жестоко врз база на таа голема парична маса што ја примивме како личен доход, примивме велам во множина одма се отиде нагоре и направивме стандардот опадне. Нашиот стандард опаѓа затоа што појдоа по тој закон и оние што не треба да појдат и настана една таква празнина без контрола така од луѓето почнаа реакции за  зголемен личен доход и да доаѓаат овде пред Собранието барајќи од државата, за тоа да ангажира државата. Против кого правиме штрајк, против себеси. Ако ние велиме дека сме поминале од онаа страна на социјализмот а тоа е капитализам, меѓутоа секако се наоѓаме во најпрвичните моменти од капитализмот. Ако не беше тоа немаше да дојде до она зголемување на цените и рапиден пад на стандардот воопшто во целата наша македонска држава. На запад ако се дигнат платите и од колачот еден дел ќе даде на работниците газдата, значи има економска подлога, а кај нас нема економска подлога. Ние немаме материјално покритие и заради тоа дојде до она што дојде.

Ако сме биле добро организирани и со капиталистички начин на производство и плаќање итн., тогаш тие штрајкови, господо работници што се дигнавте на штрајк ќе ги направите пред зградите, а не сами против себе си штрајкуваат, од нешто што не постои да се најдат пари и да се дадат, тоа не може да биде.

III/7

Во овој колективен договор што е потпишан јас немам ништо против колективниот договор, ниту мислам дека уште денеска, и вчера уште при потпишувањето на договорот токму од производно материјалната сфера вработените не се согласуваат со потпишувањето на тој договор затоа што не се сите во ист кош во материјалното производство во Република Македонија. Јас следев една емисија да не кажам кој беше, што е тоа личен доход таму беше и господинот Киро Поповски, некој инженер од незнам која организација прашува како може градежен инженер да има 40 милијарди плата, а некоја учителка 60 милијарди. А јас пак кога би биле таму на тие разговори би рекол ајде да се споредиме со некоја чистачка во некоја организација што не сакам да ја спомнам каде што имаат чистачките 120 милијарди плата. Зошто не се споредува тој градежен инженер со таа чистачка таму. Значи, од секогаш било и ќе биде не што работиш туку каде работиш во кој сегмент од нашето работеше, во која работ- на организација.

Се согласувам дека даноците и придонесите од доходот и личните доходи земаа голем замав, се знае дека во таа наша сива економија, црна економија за која зборувавме и порано, нема личен доход но ќе му стави во џеб 20 или 50 милијарди и тој ќе оди, ќе го испушти од работа. Најдете решение господо министри, најдете начин како да го сопрете, најдете непоткупливи, меѓутоа да биде човек непоткуплив, треба да има личен доход од 5 илјади марки за да не може некој да го купи, а секогаш ќе се вртиме во еден круг и она што го викаме безредие, хаос ќе царува ќе владее се додека не дојдеме до некое си друго рамниште.

Ние мора да бидеме свесни дека како Македонија,како држава ќе мора да ги развиваме и другите дејности и образованието, и воспитувањето и културата, ќе одржуваме и фестивали и Струшки вечери и Охридско лето, но оваа Македонија не смее и не може да пропадне. Ако некој овде или

надвор од оваа просторија чека Македонија да пропадне заради тоа што ќе застанеме едни  против други грдно се лаже, Македонија сигурно ќе успее, но јас сум оптимиста во една работа. Јас сум уверен во себеси без признавањето на Македонија и без финансиска помош од надвор многу тешко ќе напредуваме. Инаку ќе биде само стегање на каишот. Ова на народот мора да му се каже, народот мора да биде свесен за оваа работа, не треба да биде колебан но ете ќе страдаат на некој начин сите по полека, ќе се научиме да трошиме помалку од некои модерлци ќе се одвикнеме, па веројатно ќе дојде еден ден кога ќе живееме подобро, ќе бидеме побогати но затоа мора сите да придонесеме да бидеме побогати.

Една работа што сакам да ја спомнам овде е во материјалот има многу елементи и да речам некои и да речам "нови" нови називи на економските категории на кои што Петар Гошев вчера зборуваше сидра мислам дека не треба да бидеме оптоварени со такви жаргони од економијата, да ги оставиме тие сидра и бродовите и котвите, ајде да се послужиме со елементите за основите на нашите програми итн. окотвени на овој збор доктори, магистри итн. економисти, зошто сите овде не се економисти, народот не е цел економисти. Мислам дека требаше да се спуштиме малку на земја не заради тоа што се спомна категорија на сидрата итн., или да ги спомнеме бродовите и котвите итн.,меѓутоа мислам дека не треба да гледаме вештачки на некоја работа. Наиме, сакавме да кажеме некоја работа што според мене се гледа вештачки. Ако нашите министерски или пратенички овде над надмудрувања правиме одредени констатации што се однесуваат на линија на производство, на стручното работење, на економичност на икс, икс, други податоци иако речеме овде низ материјалот дека немаше споредбени показатели заради тоа што бивша Југославија пропадна и не можеме да се споредиме со некои години

итн., мислам дека не сме во право. Сите наши работни организации, значи сите наши работни организации најверодостојно дадоа податоци до Заводот за статистика на оваа Република. Оттаму има податоци доволен број и како не можеме да смогнеме сили да ги ангажираме луѓето таму што работат, раководството и директните извршители, ние сме држава нас ни требаат податоци со кои ќе можеме да оперираме.

**ФАИК АБДИ:** (продолжение)

Ако не се лажам јас во материјалот сретнав неколку реченици кои што се однесуваа токму на оваа работа. Мислам дека треба да се преземат мерки. Што станува со компатибилноста на нашиот биланс, на сметководниот систем. Заправо ние одиме кон Запад. Ајде да се тргнеме од тој наш сметководен систем, од тие илјада и кусур конта класа 0 до класа 9 и не знам што уште таму. Можеме ли од тоа да се оттргнеме, да ја поевтиниме работата, да биде поевтина, да биде понавреме изразена и кажана. Една иста работа книжат 10 души. Можеме ли да воведеме во нашите работни организации покрај некој систем на автоматска обработка на податоци дуплирано , тоа е дупло и плус старите маани останати заштеди. Запад не трпи ваква работа. Иако одредени колеги овде зборуваа за извоз на наши производи, ние имаме доста и квалитет, меѓутоа нашата цена чини и е многу голема. Нас Запад не не прифаќа со овие цели. Нив не ги интересира дали ние имаме работна заедница од 240 и кусур луѓе, а 220 работат во материјалното производство. Нив тоа не ги интересира. Јас сум работел во една таква работна организација во Х земја, иста овде "Комуна", иста таму во Перт, таму 91 работник со се работна заедница, а овде 345 работници. Па сакаме 600 долари неделно. Не може 600 долари неделно. Нашето министерство за развој и другите наши институции, научни институции нека ги прочешлаат работните организации, да им ги отвориме малку очите, тоа не е натурување. Ако може овде да дојде Х работничка класа, да речам класа по пат на штрајк да бара не знам што, тогаш мислам дека имаме и морално и не знам какво друго право и обврска да седнеме и малку да разговараме со тие работни организации што е тоа што тие не можат да го земат навреме својот личен доход. Но, тоа научно и стручно да им се објасни и да им се "вие не можете вака, вие не можете со толку луѓе,

не можете со вакви капацитети". Да се надеваме дека ќе излеземе од ќорсокак за година, две. Штом не признаат веќе готово е готово, испливавме. Не е тоа колеги пратеници. Јас така мислам, ние мораме да знаеме со какви капацитети располагаме, мораме да знаеме дека нашиот капитал е многу стар, стар начин на стопанисување, на произведување, на економија. Треба да помине време за нови капацитети. Јас имам стручни осознавања дека во еден најголем дел во бивша Југославија, вклучувајќи ја тука и нашата држава Македонија ние немаме на ниво на држава акумулација. Многу слаба ни е акумулацијата и вкупната општествена акумулација ни е слаба. Податоци веројатно ќе даде нашата Влада, се разбира ако СОК која треба да се трансформира веќе. Веројатно СОК ќе мора да даде некои податоци каков ни е вкупниот општествен капитал на Република Македонија и што е она со кое мораме да располагаме. Затоа што овде имаше дискусии дека и ние можеме сами да вложиме средства за нашиот развој. Колку средства можеме ние да внесеме во нашиот развој и што е тоа? Да не се лажеме, туку да имаме чиста сметка. Јас мислам дека Македонија сама да инвестира може меѓутоа, тоа е многу малку, тоа е скоро за никаде и пак одиме на она да мора да алудираме на она признавање и нашите министри треба да бидат многу поангажирани во Република Македонија и надвор од Македонија и народе макдонски, веројатно еден ден ќе биде подобро. Да чекаме да бидеме стрпливи без многу револт и социјални бунтови итн. бидејќи од тоа ќе си направиме штета сами на себеси, на овој народ што живее во оваа Република Македонија.

Еден апел до нашиот народ што е надвор од Македонија кој што дојде на Првиот семакедонски конгрес. луѓе,вие дадовте збор дека ќе и помагате на Република Македонија, на својата матична на вашата прва татковина.

IV/3.-

Ајде повелете тоа направете го. Македонија чека од вас, Македонија верува дека вие ќе и помогнете. Бидете уверени дека Македонија ќе ги врати вашите пари со одредена камата. Ние знаеме што значи 2,5, 3 милијарди долгови, знаеме што значи овој закон што се предлага за продажба на општествени станови. Но, како можеше Словенија тоа да го направи. Можеше ли Словенија да собере X милијарди долари и својата платна позиција да ја направи добра и инфлација 0. Значи Словенија можеше. Ние не можеме ли? Не можеме заради тоа што својски не сме ангажирани тука. Сакаме да р'чкаме, секој да р’чкаме нешто и да речеме дека не чини. Јас давам полна ,7- поддршка на Владата и на овие мерки, а дека ќе се собори инфлацијата се сомневам. Во овој момент не можеме да разговараме за соборување на инфлацијата заради тоа што немаме ниту елементи, не сме спремни и се знае што е.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, пред да почнам со дискусијата имав една забелешка во однос како што забележав пак ја почнавме изгледа старата песна со неприсуство на Владата. Во меѓувреме се поправи ситуацијата, присутни се доста, поголем број од Владата. И една друга забелешка во дискусијата, така само за ведрина малку, многу зрела Влада, но да не се вели толку многу зрела, бидејќи многу зрелото може да пукне.

За мерките кои се предлагаат јас имам неколку работи да кажам, макар што некои работи се повторуваат. Но, јас на друг начин, или попрегледно ќе ги кажам. Мене ми се чини како и досега и старата пракса се продолжува пак со информации, со стабилизација , со предлагање, со читање на реферати, а никако да преминеме на дело во пракса, во производство за да тргнат одново работите. Се трошат огромни средства и

IV/4.-

во материјали и напишани информации, кој знае колку тони хартија и сето тоа, помина годината ги фрламе тие и почнуваме со други информации и други програми, тие не чинат и други ќе напишеме и процесот на производството останува сепак на истата точка. Како онаа поговорката што колата останува на истото место. Мене ми се чини и Парламентот, а и поранешната Влада со донесување на законот за платите најголемата бука и најголемото внимание и поголемите штрајкови, запирањето дојде до тоа што донесовме таква одлука, еден таков закон за покачување на платите и на тој како што велат Црногорците: "коме бог дао и ја нему". Ако му дал 200, тој уште 200, ако му дал 300, уште 300, а на тој што немаше, господ не му даде и ние што ќе му дадеме? Така што со тоа се создаде една голема неправда кон работниот народ и почнаа масовните штрајкови. Покачувањето, јас и тогаш дискутирав дека сум за тоа каде што беа ниските лични доходи и ако беа во можност да можеа да ги покачат не 140,туку и 200% пак не ќе беше многу заради тоа што еве од она што го предлага сега Владата ќе дојдеше до 60, 70 илјади денари, а на оние плати, тука е големата грешка над 400 илјади денари и нагоре и до 200 нагоре со 140% се создаде една голема далечина во однос на платите на другите работници. И со она што сега се предлага, јас и тогаш реков да беа замрзнати високите плати над 150 илјади денари, а другите сразмерно се покачуваа така што можеби по мое ќе се дојдеше до некоја постабилизациона програма. Добро е тоа што предлага Владата за оданочување. Јас го прифаќам тоа иако низ дискусиите се рече дека тоа е неправилно, но колку да не е неправилно, јас не сум економист, јас ги следам работите дека секаде во светот сите приходи се оданочуваат, дури некаде се оданочуваат и ако чуваш повеќе од предвидената сума пари во банка, треба да и платиш на банката затоа што ти ги чува парите, а ние овде не сакаме да поднесеме, ништо, само сакаме да учествуваме во

IV/5.-

примањето, а за даноците не - сакаме. И колкав е тој данок што се предлага 10% над двете просечни плати ако тој има над 400 иљјади и 800 иљјади, радо ќе ги фрли 50, 60 иљјади денари. Сметам дека ниедна сфера од стопанството не треба да биде ослободена од тој данок. Тоа ќе биде еден поголем допринос кон стабилизација, можеби не многу, но сепак ќе биде придонес. И преговарањето со овие дојде до таа бука голема Синдикат и Комора. Јас не знам тој Синдикат и таа Комора дали таа обави разговор со базите, дали таа во сите стопански дејности дали го зеде во просек каде е земјоделието, каде е здравството, каде е просветата, каде се рударството и други и тогаш треба да одиме но, не на еден ваков колективен договор, пак ќе дојде до тоа, туку наоѓање на некој приближен просек во стопанството за да дојде до некое подобрување и да тргне од оваа ваква инфлациона програма, односно за покачување на платите затоа што уште не наговестена оваа програма, односно мерките за стабилизацијата веќе вчерашна "Нова Македонија" пишуваше дека струјата се покачува 70%. Ми се чини дека ние затоа велиме стабилизација, а ништо не ќе можеме да стабилизираме. Што значи ако струјата се покачи 7 0% а другите работи колку ќе се покачат,не 7 0%, туку цените ќе се зголемат за 170%. Ми се чини дека ние овде ќе зборуваме за стабилизација, изгледа како онаа поговорката "кучињата си лаат, караванот си врви". Зошто не се позабавиме со проблемот околу утајувањето, неприкажување на даноци по однос на продавањето. За мене не е прекршител само оној што без даноци продава, туку кој е тој што му дава роба од фабриката да излезе на пазарот да ја продава без тие даноци. Конкретно зборувам за цигарите "Лорд"и други да ги продава тој за 200, 300 денари кога во продавниците се над 700 денари. Каде е таа сметка? Значи тој однекаде ги зел од фабрично производство и за тоа има сметка да ги продава бидејќи не плаќа данок не

IV/6.-

платил таму ништо и затоа има сметка да ги продава. За тоа кого осакатуваме? Оние што се регистрирани за даноци на промет. Тука треба повеќе да се прегледа. Имаме и државно крадење на данокот на промет, односно во трговијата, во услугите. Конкретно ќе речам за железницата. Зошто таму не се свртиме колку пари се отидени незаконито во северниот сосед. Со промена на нашата валута беше динарот 1:4 и кога ќе стасаше стоката од Суботица да речеме Скопје - Битола со тие соседните динари на Србија чинеше да речеме 40 илјади динари вагонската стока, а овде ние требаше да им ја наплатиме не динар за динар, затоа што беше нашата курсна разлика повисока многу, требаше да му платиме 40, а Железницата му ги пушташе толку динар за динар и така нашите огромни пари отидоа таму. Малку подоцна дојдоа да го пресметуваат со еки и сврзуваше со валутата марка. Таму беше марката трипати повеќе поскапа од кај нас, а кога ќе се пресметаше испораката на вагонот на стоките одеше трипати повеќе во нивна корист и така наместо сега трипати повеќе што плаќаме по курсот на денарите, сега дојде 6 пати повеќе да платиме повеќе во однос на марката. Еве каде ни се руши многу инфлацијата и каде одат големи напори. Јас знам ние ако расправаме за тоа јас имам детален преглед која стопанска организација колку е оштетена со вакви недозволени наплати. Велиме и ми се чини на Комисијата за земјоделство и шумарство стана збор од гувернерот на банката за да се створи за изнајдување начин за исплата на девизните штедачи кај нас. Покрај тоа што велам ние зборуваме за вложување на странски капитал кај нас, ние се лажеме затоа што јас и порано реков дека го нема тој што ќе вложи сега да донесе пари во ваква ситуација кога се овие обесштетени и не можат да подигнат 100 марки, бидејќи касата е празна.

IV/7.-

Касата ќе биде празна заради тоа што ние дозволивме на таков начин да се измамат и да не може сега никој да вложува во банката. А накнадата како што рече дека или со продажба на општествените станови, или пак рече со маса на пари. А зошто јас го прашав, тоа така да биде? Тие каде се? Ги вложивме во стопанството. Во кое стопанство. Зошто не се каже каде се вложени, во земјоделството, во индустријата, во "Раде Кончар",во " Илинден', во која ф-ка и тие сигурно кога му ги дадоа парите, дадени се парите со камата да ги вратат истите средства. И зошто ние сега да имаме инфлација со разлика на курсната разлика. Динар му даде, динари треба да врати со камата, долари му даде, долари да врати со камата. Каква валута користеше, таква треба да врати. И затоа одиме ние во инфлација. Им дадовме тогаш толку пари, не ги вратија, сега ги враќаат со овие 1000%, или 2000% разлика и еве ја инфлацијата.

V/1 ПЈ/ПН

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Сметам дека и со продажбата на становите дека повторно не ја подобруваме состојбата, туку повторно ја осиромашуваме државата. Чии се тие станови, кои ги градеше тие станови? Што велиме општествени и државни станови. Каде е таа држава без нас, дали од некого прво се одземени тие станови, дали некој дава учество, придонес и станбени фондови за да се создадат тие. Секако, секој од нас издвојувал и сега ние ги продаваме на оној вложен труд на сите работници, на тој што му треба, некој што ги изел парите на оној вложен труд на сите работници и сега цела држава да му дава на оној стан, заради тоа што некој му ги зел штедните влогови. А и со тоа пак се измамени. Не може ти да го натераш, тој што имал пари веќе го решил станбеното прашање и нему не му е потребно да му дадеш стан. Потребно е да живее и да создава други работи, а тоа е негово како ќе располага со тие пари. Се лажете ако мислите дека ќе го решиме прашањето на девизните штедачи со распродажба на становите. Правиме две зла, едно што штедачите не се склони кон тоа, а второ, тие станови треба да останат во државна сопственост. Не сме ние таква држава во таква материјална положба што ќе можеме да немаме социјални станови кај нас. Кога една Франција уште и сега има социјални казани за сиромаси и станбен фонд, а ние една Македонија сега веднаш мислиме на распродажба на тие, а не мислиме дека утре ќе ни се појавуваат разни социјални проблеми, било од болести и разни други случаеви како што тоа го има во секоја држава. Се вели никој не ги враќал, во дискусијата стана збор, дека никој не ги враќал, парите ги чуваат и девизите ги чуваат во вреќа, во перница, како што таму стана збор во дискусијата. Кој ги чува парите? Тој што има пари и тој што подига во банката. Јас не подигнав. На

нив не им даваа 100 марки да подигнат. Сигурно ги чува во вреќа оној што подигнува во ембаргото 30 или 40 илјади марки. Јас каде да ги најдам во вреќата. Ги чуваат оние што можат да ги подигнат наеднаш 30 или 40, иако е ембарго или забрана на девизи. Сметам тие чуваат во тоа и од нив после другите не можат да внесат. Тој вели може да ги подигне, јас не можам да ги подигнам и ќе рече не давам во банката. Ова не важи за новата влада дури и за старата не сакам да речам. Одобрувани се позајмици странски кредити таканаречен "зелен план", каде е инвестиран тој зелен план на кого му се дадени, каде се ефектите. Неколку пати граѓаните од сите градови инсистираа да се најдат луѓето кои се и колку користеле од тие зелени планови тоа е исклучиво, како што велев јас запознат беше за унапредување на земјоделството, а изградени се вили по планините. Потоа вели дека не затече инфлација. Тие средства што требаше да се вложат во земјоделството, требаше да бидат вложени во земјоделството и земјоделството со производството да може да ги враќа тие вложени средства. Вилата што ќе ги врати, таа само уште повеќе внатре да се внесува, а не да се произведува и за тоа ништо не е сторено. Затоа, велам дека ние само зборуваме за тоа, а не сакаме да се зафатиме да ги решиме проблемите. Не сакаме не знам зошто, дали некој можеби ќе наседне на тоа или пак избегнуваме од некој што е до мене што користел таква работа, па ајде нека помине така.

Говоревме за стопирање на производството и тоа е голем придонес за опаѓањето на нашето производство, ембаргото на нафтата. Ова пак не е за Владата, не сакам да кажам зошто ние немаме, се знаеше исходот со Грција, се знаеше дека ние со барањето признавањето дека тие не сакаат.

зошто уште порано не баравме да се престроиме да бараме други извори, други пазари за нафта, макар и поскапо. Секогаш нашиот народ вели, нека го има, ама ако требало илјада, ќе купиш 800, со една мала заштеда пак ќе се завршеја истите работи, а ние се ограничивме Грција, па Грција. Грција можеби не сака, можеби сака да не ликвидира, па затоа ние не требаше да чекаме на Грција. Ете како се наоѓаат други. Не можеше да се почне порано, па ќе кажеме поскапо. Поскапо, но ако требаше да потрошиш илјада, ќе потрошиш 800 и ќе ја завршиш работата. Немаше да побркаме поголеми луксузи, помали луксузи ќе беа во однос на тоа и сметам дека производството немаше да биде парализирано. Како што оди Законот за трансформација, ми се чини ние нема да го доживееме неговото донесување. Од кога е почнат и кога ќе почне тој, ми се чини дека и тој е една голема кочница за ова нерационално искористување на нашите капацитети, фабрики итн. Затоа што со таканаречените акционерски друштва, а народот има друго име за тоа, да не кажам како ги викаат, вие сите знаете дека нарочно се прави тоа внатре да се доискраде тој капитал, да пропадне, да премине во негови раце и после еден или 2 месеци да станат индустријалци, фармери и др., без да вложиле свој динар внатре. Јас не знам кој е тој и јас работев, па зошто не можам да откупам толку акции, а еден директор толку акции можеше да откупи. Каков е тој начин. Затоа работниците дигаат штрајкови таму и затоа се бунат и да кажам купуваат по 12, 13, како што беше во "Лозар" приватни лимузини ги даваат да ги користи тој, а работниците земаа по 19 илјади денари и вели дека 95% преминало во општествена сопственост и според тоа тој треба да работи со "Лозар", а кога се установи во СОК ни 10% не преминало уште во

акционерско друштво. Уште било целото тоа. Значи на тој начин се манипулира со единствениот капитал и се создаваа газдинства преку ноќ, а вие знаете дека тоа беше порано ние борба водевме дури и ги затворавме ако имаше и велевме во ратни богаташи, затвор за нив, смрт за нив, да им се одземе, да им се конфискува, долу таквите, а сега зошто тоа не го рече, каде се тие да а се рече за нив така. За овој закон јас сметам дека е истиот министер, не е сменет и тогаш работеше на тоа и сега, кога ќе го донесе тој закон, сметам дека користени се и странски совети, литературни и се, но ми се чини и за законот за трансформација на општествениот капитал и за продажба на становите најголемата грешка ќе биде направена спрема својот народ, тоа да го сториме пред донесување на законот за денационализација. Не може тоа така да помине едното без другото пред да се донесе тој закон за денационализација, па после да се оди на законот за приватизацијата.

На пример, некои показатели, сега не треба многу старата Владата имаше и позитивни работи, предложи инфлација која опаѓаше месец јуни, август имаше нагло опаѓаше на цените и стабилизација. А, со донесувањето на Законот за платите веќе направивме големо нарушување.

Постојано зборуваме за унапредување, стимулирање и сакаме големо производство во земјоделството и исто тоа така поминува со информации, предлози, препораки и други работи и тие препораки до сега ако ги продадеме ние што ги правевме досега, тоа се тони хартија, пак ќе купевме 500 овци или 50 крави и ќе дадеме на некому и ќе почнеше процесот на унапредување на земјоделството или сточарството. Сега ние што правиме, ја почнавме старата песна исто анализа, информација, препорака, закон и

пак истото. Цените, рековме дека тогаш реално се донесени за пченицата и другите, меѓутоа во тоа време можеби така држеше да беа реални, заради тоа што и тогашните други индустриски репроматеријали беа горе-долу на приближно ниво со мала нијанса. Меѓутоа, останаа на тие цени, сега произведувачите од земјоделските производи, исклучиво живеат од тоа и треба тие да купуваат ѓубре и репроматеријали, а колкава е цената на тие покачена. Сега произведувачите останаа на тие цени. Мене ми беше речено од гувернерот дека тоа е 10% поголемо, ќе кажеме 10% на ѓубрето, 10% на нафтата, потоа 20% друго и кога ќе ги собереш 300% ќе дојде. Затоа, ќе остане недоизорано, непосеано, и вгодина пак ќе се судриме со други проблеми кога ќе немаме производство. Да ви кажам еден пример со шеќераната во Битола. Од такви нескладни цени, не донесување на време солидни цени на шеќерната репа се изгуби производството на шеќер а оваа година шеќерната фабрика можеби ќе изработи шеќер за 20 или 30%, а нејзиниот капацитет со 150 вагони во денот, едната нека е амортизирана, нека работи со 150, нека работи со 100 вагони, јас сметам дека со полн капацитет колку што е таа да обработи ќе придонесеше барем 70% да ги задоволи потребите за шеќер. Еве каде сега ние ќе треба да даваме девизи, заради нашето неправилно одредување и постапување со земјоделските производи. Ние ги споредуваме овие само со овие репроматеријалите. А зошто не ги поврземе со животните потреби на производителите, зошто не со текстилното производство, зошто не со белата техника, зошто не со прехранбените производи, зошто не и со другите индустрии што се потребни, не треба тој само да купува нафта и ѓубре и делови за тракторите, туку треба да купува и производи за опстанок на неговата фамилија. Затоа велам дека  и тогаш ми се чини така велевме

од оние одредени заштитни цени да растат како ќе расте инфлацијата и како ќе растат репроматеријалите. Од тоа ништо му дадовме 2 пати регресирана нафта, еднаш само искористија она 50% што даваа, после самите рековме чувајте ги белешките, ќе ви ги платиме парите. Уште им ги плаќаме парите една година помина од тоа и нема плаќање на парите. Еве сега пак, зошто ги лажеме, велиме регресирано кога сега од Бугарија и нашите трговската од "Макпетрол" и кооперанти ја даваат на 550 - или 560 денари за еден кило^рам нафта. Зошто велиме регресирано. Ама ќе му вратиме, кога ќе ги вратиме, тие не се вратени, ниту ќе му ги вратиме во оваа ситуација сега. Сметам дека тука е многу промашено, заради, тоа што ние сме аграрна земја и требаше да биде тука главното насочување во производството на~земјоделството и само тоа може да не изведе од калта. Инаку, индустриските производи ако велите пазар северен овој или оној,- ние не можеме да конкурираме со Италија, Германија, со фрижидери, на Кого ќе му продаваме, а со производство на земјоделски производи, храна, цел свет е гладен и секаде треба и нема конкуренција и се ќе купиме она што е потребно што го немаме кај нас. ,

Само една ваква земјоделска политика може да донесе до крај. Одлучено беше, јас незнам кој може да одлучи и да ги натера да се спроведат одлуки на Собрание и на Влада. Тоа значи ние немаме овде нема правна држава, нема закон, нема Собрание. Колку пати беше донесена одлука да се исплати разликата на 50% од вистинската цена откупена на шеќерната репа. До денес тоа не сторено и даваме само вака информации. Затоа ви велам дека само правни информации носиме. Сега следува ако сакаме ние да го подобриме тоа и сега исто ни се фаќа да

задолжиме кој треба и од каде треба да се дадат пари, наместо на таа откупена цена сега да му се даде 50% и за да можат догодина да бидат стимулирани за да садат шеќерна репа за да имаме шеќер. Ако не, до година ќе биде фабриката ви гарантирам затворена. Ни стопанските организации не само приватниот сектор, ЗИК му се дадеше на нив кога беа пореални цените 2 илјади или ' 3 илјади хектари шеќерна репа, а ова година таа има само 7 00, ха насадено. Беа донесувани информации одлуки, за развој на ридско - планинските, за развој на земјоделството и сточарството. И што направивме ние со тие, само се срамиме и им ветуваме дека ќе даваме овци за развој, ќе даваме крави, што даваме. Зошто ги лажеме, барем да молчиме би било подобро, отколку да им одговараме раните на луѓето. Да си молчиме како што молчевме досега и нека врви караванот како што врвеше досега.,

Беше донесена и програма и од водната заедница дека во ридско-планинските краишта Ѕе изградиме земјени брани за напојување, за наводнување, да му се даде кредит да користат од примарната емисија и од другите. Каде се тие кредити, јас се прашува јас еднаш барав одговор да ми даде Владата каде одеа оние фондови за ридско - планинските краишта. За тоа не е даден одговор и велат дека не знаеше да го поставиш прашањето. Точно, јас незнам да го поставам прашањето, затоа што си ги барам парите. Секогаш кога бараш пари ќе ти речат дека не знаеш да го поставиш прашањето.

Затоа,-предлагам да се најде начин, решение, оваа Влада да може или кој е тој што ќе може да му рече да се исплатат разликите само остана на репата. Така за тутунот е исплатена, за пченицата, за грозјето, а остана само неисплатена за шеќерната репа. Само се ветува и денес не е одбиено, ќе се исплати, ќе се исплати, а кога тоа ќе се прашаме.

V/8

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ни крај неколку збора да кажам што забележав од излагањето на премиерот Црвенковски. Нешто би кажал во врска со Синдикатот. Синдикатот е интересна и солидарна организација, па затоа ме чуди што раководството на Синдикатот е вклучено во застапувањето Анекс договори, што за мене е чудно, бидејќи кај нас општествената сопственост е уште доминантна. Според тоа, треба да се изнаоѓаат оптимални решенија, кои би биле прифатливи во овој преоден период, кој до душа уште не знаеме колку години ќе трае, можеби 1, 2, 4, па можеби и 10.

Втора забелешка наоѓам околу продажбата на општествените станови.

VI/1 сс/вц

**КИРИЛ КОЕАЧЕВСКИ:** (продолжение)

А што се однесува до тоа дека се прогласуваме за социјална држава, а немаме категоризација на граѓаните спрема своите примаша. Сите еднакво се вклучени при купувањето на становите. Сум имал можност да разговарам со пензионери, на пример со 50 илјади примања кои одвај излегуваат на крај а сега треба секој месец да издвојуваат 100 марки.

Другите пак, со големи примања или што создале имот, капитал, чекаат да ги куп^т, а повеќето од нив имаат или изградено куп или станови и имаат врски, на некој начин тие не се вселуваат во нив, туку ги чуваат општествениот стан и чекаат и него да го купат. Против овие граѓани не се презема ништо за отселување на тие станови или пак да е поведена постапка таа правосилно не се окончува.

Трето, на крајот ме изненадува од излагањето на премиерот кога вели дека за да успее неговата програма потребен е, меѓу другото и консензус. Поддршка од позицијата и опозицијата. Навистина програма што знаеме однапред и што сме скептици нема да успее. Дај боже да успее. Дотогаш да си избереме уште експертска влада, кога се бара таков консензус, да добиваме директиви од ЦК и да спроведеме демократски централизам, па да го комплетираме општеството. Се знае каде се прави консензус а не овде, во овој случај.

Затоа би му советувал нешто. Можеби премиерот треба да побара спас во внатрешните резерви на коалицијата меѓу комунистите и албанците. Или пак во вашата најголема инвестиција, а тоа е претседателот на Републиката кој еднаш се сеќавам, пред да го усвоиме Уставот го рече следново - Едвај чекам да го усвоиме Уставот па после да

се позабавам со економиката на нашата држава. Затоа и овој миј совет и би му препорачал на господинот премиер на овој начин таа инвестиција ќе се исплати и оваа е шанса и можност вашата инвестиција, сега е моментот да се покажете.'

**ЈОРДАН ЗАФИРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Во својата дискусија би сакал да се осврнам во делот на кредитно - монетарната,политика во аграрот, тргнувајќи пред се од спецификите на земјоделското производство во Републиката кое не е во функција на земјоделското производство, откупот, пласманот на земјоделските производи и есенската сеидба.

Имајќи ги во предвид крајно тешките состојби во аграрот а пред се од финансиска природа, претпријатијата од аграрот располагаат најмногу до 10% со сопствени средства, а другиот дел од 90% ги обезбедуваат од банките по пат на кредити со високи каматни стапки, поради што не се во состојба да ја извршуваат тековната репродукција, а камо ли да издвојуваат средства за откуп на земјоделското производство. '

Оттаму се и залагањата на земјоделските претпријатија од аграрот, земјоделците и стопанската комора во кредитирањето на земјоделството и понатаму да се задржи примарнатга емисија таа добивање поволни средства за откуп на земјоделски производи и извршување на есенската сеидба.

Точно е тоа дека поголем број земји во светот во нив не се користи примарната емисија. Но, точно е и тоа дека во развиените земји во светот каматните стапки за земјоделското производство просечно годишно се движат од 7 до 9%. Кај нас месечната каматна стапка од примарната емисија изнесува 17,5%  или годишна камата од 184%, а каматата на

комерцијалните кредити е 25% месечно. Оттаму, секое намалува&е на примарната емисиј.* на 40% и зголемување на комерцијалните кредити на 60% значи додатно зголемување на каматните стапки наменети за земјоделството.

Сето ова земјоделството ќе го доведе во позиција да користи уште поскапи пари што земјоделските производители ќе бидат со повисоки цени и неконкурентни на светскиот пазар и непристапни за широката потрошувачка. .

Во дополнителните мерки за 1992 година се декларираме за поттикнување на извозот, но при тоа не се респектираат спецификите на структурата на земјоделството производство, имајќи предвид дека добар дел од земјоделските производи Македонија ги троши 10-15%, тоа се раноградинарските производи: ориз, тутун, грозје и други кои се наменети за други пазари во бивша Југославија и другите земји, а имајќи ги предвид состојбите какви се, тешкотиите со кои се судираат земјоделците се уште поголеми.

Само да додадам дека каматата во секој земјоделски производ учествува со 20-30%. Ако се има предвид и обртот на капиталот во земјоделието кое е еден а во стопанството под еден, тогаш е сосема јасно дека земјоделството не може да поднесе вака високи камати и можноста да преживее е неизвесна.

Поради тоа, индивидуалните земјоделци не се заинтересирани за нивно користење, посебно во услови на лимитирани цени и нелојална конкуренција. Банките не го прифаќаат кредитирањето на индивидуалните земјоделски производители и ги насочуваат средствата преку претпријатијата од аграрот, бидејќи каматата од организациите и земјоделците се наплатува месечно од страна на банките а регресот го добиваат после неколку месеци. Сметам дека регресот на каматите треба

да се остварува и добива при наплатата исто така како што е случајот и со нафтата.

Поради тоа потребно е просечната стапка на каматното оптоварување во земјоделството да изнесува половина од висината на есконтната стапка, а реесконтот да изнесува 60% како што беше минатата година, наместо сегашните 40%. Поради тоа, еден од основните проблеми со кои се судира земјоделството е со недоволно обезбедување средства за откуп на земјоделските производи и извршување на есенската сеидба.

Според билансите:; на стопанската комора за откуп на - одредени земјоделски производи во 1992 година се потребни околу 10 0 милијарди денари, додека НБМ за оваа намена предвидува некаде околу 22 милијарди денари. Тоа е за пет пати помалку од потребните средства, со забелешка дека примарната емисија е генератор на инфлацијата.

Ако овие средства не се зголемат и не се промени учеството на примарната емисија може да се предизвикаат сериозни последици во откупот и пласманот на земјоделските производи како и обавувањето на есенската сеидба. Практично, организациите не ќе бидат во состојба и земјоделците не ќе бидат во можност да го откупат производството со вака скапи пари, затоа што ризикот е огромен, а сето ова ќе предизвика сериозни последици како по земјоделците и нивната егзистенција, исто така и можноста да ги измират спрема државата бидејќи нема да се врши откуп на земјоделски производи и ќе се доведе во прашање производствениот процес односно нема да може да се изврши есенската сеидба.

Не обезбедувањето на квалитетни средства за откуп на земјоделски производи ќе има за последица ненавремено плаќаше на производството,

обезвреднување на истото поради инфлацијата со што и организациите и земјоделските ќе бидат доведени во многу тешка состојба.

Од друга страна сето ова ќе овозможи одлевање на производството што не е во интерес на Републиката, сопствените капацитети да бидат невработени како што е случајот со грозјето, а сигурно понатаму ќе дојдат и проблемите со оризот и другите култури. Но, сепак она што во овој момент е најактуелен проблем, е обезбедување финансиски средства за откуп на 7500 тони шеќерна репа, 3700 тони сончоглед, '30 илјади тони- сиров тутун, 35 илјади тони оризова арпа 3000 тони пченка, 190 илјади грозје, 65 илјади тони јаболка и средства за реализација на пролетната сеидба. За наведените потреби потребни се околу 100 милијарди денари а НБМ1 за оваа намена има издвоено само 22милијарди денари што се ' недоволни за откуп на стратешките земјоделски производи.

На крајот би сакал да кажам, за надминуваше на изнесените состојби во земјоделството, да му предложам на Собранието на РМ да ги усвои следниве заклучоци како препорака што ќе бидат- препратени до Советот на НБМ:

1. Да се обезбедат еднакви услови на кредитирање за стратешките земјоделски култура: пченица, шеќерна репа, маслодајната репа, оризот, тутунот и другите наведени во законот.

2. Да се зголемат средствата за откуп на земјоделски производи кои сега изнесуваат 22 милијарди денари.

3. Задржување на примарната емисија на минатогодишното ниво од 60%.

4. Просечната стапка на каматното оптоварување во земјоделството да изнесува една половина од висината на есконтната стапка на НБМ.

5. Рамноправен третман на сите земјоделски производители. при кредитирањето од деловните банки. Овде пред се мислам на земјоделските производители.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза до 14,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 13,00 часот) .

(По паузата седницата започна со работа во 14,35 часот )

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа. на седницата присуствуваат
62 пратеници.
За збор се јави господин Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван прет;седателе, почитувани пратеници, оценувајќи ја вкупната состојба, посебно економската, сметам дека е неопходност во такви услови да се донесат предложените дополнителни мерки на економската политика од стабилизационен карактер на Владата и во таа насока истите ги подржувам. Моето внимание ќе го задржам на мерката предложена од Владата која што се однесува на тоа од примарната емисија ќе се поттикнуваат и извозот на стоки кои обезбедуваат девизен прилив во Републиката и како што е децидно «а броено со приоритет од делот на откупот за сончогледот и шеќерната репка. Мои предлог е дека приоритет треба да се даде и на откупот на грозјето и во аргументацијата на овој предлог ќе го кажам следното:

Една од најатрактивните стоки за извоз во Републиката кој обезбедува значаен девизен прилив е виното и другите жестоки пијалоци кои што се произведуваат од грозје. Девизниот прилив од извоз на вино и други жестоки пијалоци треба да изнесува од 50 до 100 милиони долари. Ова е една од најголемите причини еден од приоритетите за намената на примерните пари да биде и откупот на винското грозје. Нема никакво оправдување за надлежните државни органи и банкарски организации за крајно неповолната состојба во откупот на винското грозје кое е во најголем ек, а се одвива во услови на неизвесност со сеуште необезбедена

VII/2

финансиска конструкција за исплата на откупените количини на винско грозје, немање на неопходни количини на дизел гориво и бензин за потребите на откупот и најважното се уште нерешеното најзначајно прашање за производителите - лозари во кој рок и на кој начин ќе се изврши исплатата и во какво реален износ. По објавувањето на откупните цени и реализацијата на откупот производителите единствено егзистенционално се заинтересирани исплатата на откупените количини да отпочне веднаш, а да се изврши до крајот на месец октомври, исплатата да се изврши целосно, наеднаш и заради заштитата на. реалните износи на откупните цени тие да се врзат вредносно во ист соодност со важечкиот курс на цврстата валута на денот на исплатата. Ако денес откупната цена во однос на германската марка изнесува 60 фенинга исто толку да изнесува и на денот на исплатата по настанатата девалвација.

Во оваа состојба на целосно невоспоставен систем на пазарно стопанство со сите познати потешкотии и ограничувања неминовни се интервенциите во функција на создавање,на поповолни услови ; за откуп на земјоделските производи, конкретно откупот на винското грозје и други преку финансираше и со примерни средства како поволно, стимулативно кредитирање, намалување на каматните стапки на банкарските кредити наменети за откуп, зголемување на стапките за стимулација на извозни стоки што директно зависи и реалната вредност и благовременоста на исплатените откупни количини на производителите во насока на нивна поголема заработувачка од производството што и ќе преставува гаранција за зачувуваше на постојниот степен и поттикнување на развој на земјоделското производство.

Конкретно за лозарството аргументите за интересот на државата се следните: 35 хектари под лозови насади како големо богатство за Републиката. Подигаше на 1 хектар лозов насад сега изнесува 3 милиони

денари. Прометот на производите од- лозарството и винарството е меѓу највисоките по застапеност на извори наир5и;.оди во буџетот на Републиката. Околу 200 илјади граѓани непосредно и посредно егзистираат од лозарството и винарството, а девизните - приходи од грозје и вино и други жестоки пијалаци кој се на второ место меѓу извозите стоки на Републиката се неопходност посебно во оваа состојба на девизни потреби за набавка на многу други дефицитарни стоки на пазарот во републиката.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, со оглед на тоа што вчера и, денеска доста на широко се дискутираше по оваа точка на дневниот ред, јас ќе се потрудам да бидам сосема краток односно да ги изнесам моите видувања за одредени пунктови на овие дополнителни мерки на програмата. Вчера и денеска поголем број од пратениците изнесоа оценки дека овие дополнителни мерки се премногу рестриктивни, а додека други пратеници тврдат дека се премногу благи. Јас во овој момент ќе се воздржам од даваше на таква оценка, меѓутоа само ќе констатирам дека овие дополнителни мерки беа неопходни и неопходни за да се донесат.

Јас би се задржал само на неколку пункта од овие дополнителни мерки.

Во материјалот Владата констатира, а и сите ние сме очевидци дека инспекциските служби се неажурни и толерантни,исто така и судовите се неажурни. Владата не треба да се задоволи само со вакви констатации кои што и најобичниот граѓанин ги гледа со оглед на тоа што целокупната инспекциска служба. е под директна контрола на Владата т.е. тоа се работници на подини министерства, потребна е максимална мобилност на

теренот и со промена на казнената политика која што е на дневен ред на денешнава седница сметам дека можат да с се спроведат предложените мерки, а во спротивност тие ќе останат рамо празни желби на хартија, а во пракса уште повеќе ќе царува хаосот и безредието. Еден од пратениците вчера во својата дискусија се залагаше за инвестициони вложувања во земјоделието. Јас сметам дека во овој момент без поддршка од странство воопшто не може да стане збор за инвестициони вложувања, потребна е поддршка на оваа гранка со обртни средства за да можат да се создадат услови за поголемо земјоделско производство, за создавање потреби на нашето население и создавање на вишок производи за извоз со што 6и се добиле толку неопходните и неопходно потребните девизни средства на нашата Република. Од ослободувањето па наваму оваа стопанска гранка беше запоставена и постојано заради штитење на нискиот стандард на населението и ниските цени кои што беа ограничени на земјоделското производство се доведе до многу лоша состојба така да денес земјоделството нема ниту еден сопствен денар за обртни средства па затоа се принудени да користат кредити за производство со многу високи камати.

Имаме одредени резерви во поглед на регулирање на личните доходи, односно укинувањето на одредени членови на Законот за исплата на плати и други надоместоци и дивиденди или препуштање на регулирање на оваа материја на Анексот на општествениот колективен договор.| Ние досега имаме законска регулатива во оваа област и имаше пробивање на личните доходи, а сега во услови на укинување на законската регулатива и препуштање на регулираше на ова материја со анекс на Колективниот договор и настаните кои што се случија во последно време, посебно со ЖТО-Скопје и други организации сметам дека многу тешко ќе се држат под

контрола личните доходи, а секое нивно експлоатирање над предвиденото ниво со предлог мерките сметам. дека - негативно ќе се одрази, односно ќе влијае натаму ка зголемување на процентот на инфлацијата.

Би сакал накратко да се задржам и на јавната потрошувач- ка. Јавната потрошувачка спомна и некој од претходните дискутанти неопходна е рационализација на сите корисници на јавната потрошувачка. Собранието како највисок законодавен орган во наредниот период потребно е да работи на намалување! на зафаќањата од страна на стопанството односно растоваруваше на товарот не само на општествените организации туку на сите и на приватните организации кои што во последно време нивниот број постојано се зголемува, а со тоа да се создадат МОЖНССЈТИ за поголеми приходи на буџетите и да се создадат можности не барем ние во собраниската процедура како што имаме материјали добиено барање од Фондот за пензиско инвалидско осигурување за зголемување на ставката, туку ние како пратеници да се залагаме во наредниот период овие зафаќања во стопанството односно процентот на зафаќањата да го менуваме и со тоа да создаваме можности за оставање на поголеми средства за работеше во работните организации.

На крај и ако тоа што беше изнесено од повеќе дискутанти по мерките предвидени за приоритет во поддршката од страна на примарната емисија за залихи на пченица откуп на сончоглед и шеќерна репа и подготовки за есенската сеидба сметам дека во вториот приоритет требало да бидат и залихата на вино, ориз и тутун. И претходниот дискутант спомна, а јас не би сакал конкретно да се задржувам и да ви одземам повеќе време, затоа што значи виното како суровина вчера доста се зборуваше и за тутунот, исто така денеска се зборуваше и за оризот, три производа за кој најголем дел од истите се извезуваат надвор од нашата Република. Со ваква поддршка од примарната емисија сметам дека ќе се добијат добар дел на девизни

средства кој што  се неопходни за нашата Република.

Со изнесувањето од страна на средствата за јавно информирање дека приоритет ќе се даде на залиха од пченица и откуп на сончоглед и шеќерна репа многу негативно се одрази кај производителите на грозјето, а во разговор односно известувањето од страна на гувернерот на Народната банка на комисијата сметам дека оние средства од 22,6 милијарди денари со можност тие да се зголемат до 28 милијарди сметам дека реално ќе се изврши кредитирањето на овие три производи кои што претходно ги спомнав, тоа е виното, тутунот и оризот

На крајот да кажам дека давам поддршка на овие дополнителни мерки.

(Потпретседателот Тито Петковски му даде збор на Ламбе Арнаудов, но од пратениците беше известен дека Арнаудов ја приложол својата дискусија).

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, потребата од донесувањето на дополнителните мерки мислам воопшто не е спорна бидејќи тоа произлегува од определбата за запирање на инфлацијата. Можеби е доста дискутабилно кој арсенал на мерки треба да се предложи, а сигурно и острината на тие мерки доста е битна. Дали ќе се оди со јаки рестриктивни мерки или со поблаги мерки кои пред се значат за покус или за подолг рок спр^чување на ширењето на инфлацијата. овде имаме предложени мерки кои што се однесуваат на неколку месеци и се пред се од карактер на тековна економска политика. Сигурно тлото за стопирање на инфлацијата ќе биде постабилно ако ги имаме донесено системските закони со кои ќе се заокружи економскиот систем на Републиката но тоа ние го немаме и се наложува потребата од приоритетно носење на сите законски акти како

даночниот систем, законот за трансформација на капиталот- L ринскиот Закон, Законот за девизното работење и сите закони кои ја регулираат областа од стопанскиот живот. Неспорно е дека времето од еден месец од изборот на Владата е доста кратко за да се понуди подолгорочна програма, но исто така е вистина дека и во овие услови мора да се донесат такви решенија кои што ќе значат стабилизираше на тековите на репродукцијата.

Нужнсота на мерките сигурно се поцртува и поради веќе одредениот период на нереалноста на девизниот курс и до 7 0% од оној кој е во оптек, но исто така и нестимулативнсота на увозното извозно работење, но и од сопирачката на внесување на девизи од извозните зделки.

Исто така веќе е претесна рамката и на утврдената со кредитно монетарните движења, па очигледна е потребата од нова проекција на монетарните агрегати особено на паричната маса М-1 бидејќи пракса е но и потреба да поголемиот дел од парична маса се користи особено во последното тромесечие од годината. Еестриктивнсота на монетарната политика се задржува, но треба да се укаже и на тоа да и во ваква рестриктивна монетарна политика мора да се има во предвид како поддршката на есенската сеидба, кредитираљето на залихите на пченицата, откупот на сончогледот и шеќерната репка, но и дека не треба да се испушти од вид и кредитирањето на тутунот како наша стратешка култура со која што се занимаваат голем број на семејства во Републикава, но сигурно тука треба да се подржи во кредитирањето и грозјето, виното, оризот бидејќи тоа се култури кои што се од приоритетно значење за развојот на земјоделието во Републиката.

Сметам дека и понатаму треба јавната потрошувачка да биде во рамките од 35% од општествениот производ но и дека треба да се достигне тоа ниво особен во приходниот дел од буџетот за да може расходниот дел

да се извршува по строго селективни намени и позиции, но и по приоритотки програми. Према мене не треба да се врши задолжуваше на Републиката кај Народната банка, но ако и евентуално дојде до тоа задолжување мора да биде во согласност со членот 49 од Законот за Народна банка односно да изнесува 5% од обемот на буџетот на Републиката за оваа година.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, по однос на дополнителните мерки кои се на дневен ред на ова седница, на вчерашниот и денешниот ден се дадоа прилично дискусии од кои во голем дел се настојуваше да се укаже дека предвидените дополнителни мерки не даваат сигурна гаранција дека ќе ја сопрат инфлацијата и лошите трендови во стопанството. Исто така од полно дискутанти се укажаа мислења што треба да содржи и кој мерки да се преземат од страна на Владата. Респектирам дека Владата таквите укажувања ќе ги има во предвид и без овие дополнителни мерки задача на Владата да се бори за сопирање на инфлацијата и развој на стопанството. Не би сакал јас во тој дел ниту да додадам, ниту да одземам, но лично во едни вакви состојби какви што сме ја се сомневам дека и тоа што е набележано во овие дополнителни мерки дека ќе може Владата да го оствари. кој се причините? Инфлацијата не е од денеска, не се бориме ние година или две против инфлацијата, тоа е еден долг период, повеќе од десет петнаесет години, ние имавме долгорочни стабилизациони мерки, па антиинфлационите мерки, антиинфлационата програма на Анте Марковиќ, антиинфлационата програма на претходната Влада и овие дополнителни мерки. За мене суштината и проблемот лежи сепак во политиката, во извршувањето на политиката. Во овој временски период кога ние како држава се откажавме од еден непродуктивен систем и кога навлегуваме во еден нов пазарен систем и кога во овој временски

период работиме со законски прописи кои што биле од поранешниот систем сметам дека и овие дополнителни мерки, нивниот резултат ка крајот ќе гласи една негативна нула. Па од тоа , ако Владата прифаќа такви сугестии , сите искажувања од пратениците јас би сугерирал следното

VIII/1 јм/вц

**ЕФТИМ МАНЕВ**: (продолжение)

Владата како една од најзначајните дополнителни мерки ако сака да успее, ако сакаме да успееме и ние како пратеници неопходно е сите законски прописи да ги донесеме во предвидениот рок со Уставниот закон. Ниту за полн месец до 17 ноември Уставниот закон кој го донесе ова Собрание, даде рамки кои прописи да се донесат. Доколку не се донесат, што понатаму? Сите закони треба да престанат и да не можеме да ги применуваме, или да бараме дополнување и изменување на Уставниот закон и да се влечеме и понатаму со носеше на привремени мерки. Во овој хаотичен период во процесот на стопанисувањето ми се чини дека ,вакви мерки не би направиле ништо. Собранието треба да побара од Владата бидејќи ние имавме усвоена програма од ова Собрание Владата даги достави сите закони кои што се пред- видени да претрпат измени и дополнувања во дадениот законски рок, тогаш можеме да се надеваме на успех. Исто така и уште една моја забелешка, тоа нешто го зборуваше и поранешниот претседател на Владата, исто сега сакам да го потсетам и сегашниот претседател иако е брзо времето, доколку не се направи еден генерален ремонт во органите на управата кои што треба да ги спроведуваат законите ништо не ќе направиме. Ние можеме да носиме безброј мерки и закони но ако нив не ги спроведуваме, не ги почитуваме се знае каков ќе биде нашиот успех.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во врска со дополнителните мерки на Владата беа искажани многу мислења и тоа е нормално во вакви услови. Повеќето сметам дека беа позитивни и ги поддржаа на кои и јас се придружувам и во однос на тоа не би се задржувал бидејќи имаше многу дискусии. Една од мерките ме наведе да се јавам за

дискусија, а тоа е, се вели "ќе се поедностави постапката за отворање на приватни бензински пумпи и пумпи со ангажирање на странски капитал". Дали ова е грешка, или пропуст, или така мисли Владата. Дали само за приватни бензински пумпи важи,и пумпи со странски капитал, дали претпријатијата кои сега се општествени, а ,ќе се трансформираат можат и тие да отвораат бензински пумпи под вакви услови? Мислам дека ова треба да се дополни со тоа дека сите треба да бидат рамноправни во отворање на било каква смоланска дејност.

Во врска со ова “ќе се поедностави постапката". Мислам дека во овие услови кога општините се развластени, министерствата треба да преземат до донесување на закон за локалната самоуправа  некои додатни дејности да ги овластат, поголемо овластуваше на раководителите на овие подржани единици на министерствата, бидејќи тие ниту имаат некаква обврска, мислам немаат ниту задолжувања. - Затоа што постапката за добивање на локација за една бензинска пумпа во сегашни услови е многу сложена, бидејќи треба да се направи решение кое решение треба да оди на одобрување од подрачното министерство, да оди на одобрување од републичкото министерство, таму да добие одобрување, да се врати назад, па дури тогаш да почне постапката пред општинските органи за усвојување. Мислам дека треба постапката да биде скратена ако сакаме поефикасно да работиме.

Во врска со спроведување на овие дополнителни мерки и на други мерки за оживуваше на стопанството мислам дека од битно значење е кадровската структура со која мислиме да одиме во реализација на овие дополнителни мерки и на други мерки. Сметам дека и во министерствата и во подрачните единици треба похрабро да се влезе во промена на многу

кадри. Да. се внесат стручни кадри бидејќи досега сметам дека министерствата ни нараснаа многу со. кови кадри, а старите останаа на исто место. Така што наместо рационализација имаме и дуплирање на кадри и во министерствата и во подрачните единици. Ако сакаме да се спроведуваат ефикасно не само дополнителните мерки, туку и другите мерки треба малку похрабро да се навлезе во измена на кадровската структура.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во суштина ги прифаќам дополнителните мерки на економската политика од стабилизационен карактер бидејќи сум убеден дека покрај потенцијалот на Владата користени се и научните умови и луѓето со огромно искуство од стопанството и нестопанството. Но, не сум сигурен во спроведувањето на оваа програма, односно дополнителните мерки затоа што досегашното искуство од претходната програма ме убедува во тоа. Не можам да прифатам кога Владата вели дека е пробиена програмата, а сите знаеме дека за спроведувањето на програмата е должна Владата, а според тоа се цени дали е успешна таа Влада, или не. Конкретно сакам да дадам пример, тоа беше со претходната Влада која самата рече дека е пробиена програмата во делот на личните доходи во стопанството за да потоа Парламентот го донесе Законот за платите и со тоа изостанаа успесите на оваа програма. Во услови кога изгласавме партиска Влада, односно повеќепартиска Влада јас верувам дека оваа Влада ќе се грижи многу повеќе за успешно спроведување на овие дополнителни мерки. Сакам да дадам некои мои согледувања околу дополнителните мерки. Како што велиме оваа проблама се состои од повеќе сидра.

Што се однесува до првото сидро, односно монетарната политика да се оди со одредена рестриктивност на монетарните  агрегати воглавно" се

согласувам. Имам забелешка во приоритетот на Кредитирањето на земјоделските производи меѓу кои треба да се стави и тутунот. Сите знаеме дека тутунот е една од најважните култури во Републиката со чие производство се занимаваат над 20 0 илјади производители, а исто така од тутунот се обезбедува голем девизен прилив кој и те како е потребен на нашата Република. Сум и за тоа Владата да ги натера и организациите кои го откупуваат тутунот да ги употребат сите свои средства за исплата на тутунот.

Што се однесува до платите иако имаше многу забелешки од некои наши колеги во стопанството дека правото за зголемуваше е многу мало и дека ова сидро прво ќе пукне, мислам дека Владата не треба да попушти бидејќи знаеме дека се наоѓаме во извонредно тешка состојба и да се согласиме со сиромаштијата во овој период сите, односно да можеме да преживееме. Нешто што најмногу ме загрижува тоа е зголемувањето на цените на највиталните производи и услуги, а за тоа Владата треба добро да размисли.

На крајот сакам да истакнам дека ќе пропадне и програмата и дополнителните мерки ако не се застане на патот на сивата економија, а тоа значи да се активираат сите институции во државата на кои основна задача им е да ја штитат државата и да обезбедат исти услови за работа на сите правни субјекти.

Предлагам Владата во најитен рок да ги достави сите законски акти од сите министерства за корекција на износите на казнените мерки. Мислам дека овој Парламент ќе ги прифати тие мерки.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, веќе два дена присуствуваме на една опширна седница каде што чувме многу полемики.

Некои беа за овие дополнителни антиинфлациони мерки, некои беа против јас ќе се осврнам од области на здравството бидејќи сметам дека имам право, затоа што чувме дека секој пратеник зависно од кој дел на стопанството е, или од општествени дејности, или пак од кој крај е, си ги брани тие интереси. Сметам дека има 17лекари, нешто за здравството кажа господинот Трпеновски. Јас би се осврнал само на неколку пункта од овие дополнителни мерки.

Да видиме што овие дополнителни мерки на здравството му нудат како  една посветла иднина барем "за овие два,три месеци до крајот на годината. Необично ми е драго што новиот мандатор, т.е. претседателот на Владата има свое размислување и веќе евидентни мерки за да се подобри ситуацијата со снабдувањето со лекарства. Ако сте ја прочитале информацијата што ја има понудено Министерството за развој ќе видите дека дел од средствата што се прибрани од продажба на нафта и нафтени деривати, тоа е некаде цирка околу 4 милијарди и 600 се наменети за набавка на лекарства. Барем така таму стои и на тој начин горе, долу е ублажена кризата со лекарства. Јас не би се сложил баш со оваа констатација бидејќи сум здравствен работник од првите борбени редови, работам во примарна здравствена заштита и знам дека оваа ситуација ниту од далеку не е подобрена затоа што ни фалат лекарства кои се од витално значење за лекување прво, за педијатриските болни, па до оние најсериозно болни од делот на геријатријата Мене необично ми е драго што новиот министер за здравство е по специјалност од првите борбени редови во здравството, тој е гинеколог, знае што е шок во акушерство, па него не треба да му се објаснува што значи, како може да се реши еден кардиоген шок, или други ургентни состојби во здравството. Според тоа, тука сум оптимист и сметам дека таа состојба ќе се надмине.

Исто така, ни се допаѓа мерката што Владата предвидува 30% од девизниот прилив што е во нашата Република да се користи за набавка на нафта и нафтени деривати и за набавка на лекарства и санитетски материјал што му недостигна на здравството. Ако тоа се оствари мислам дека е паметно и како мерка го поздравувам.

Би напомнал дека оној кусок на средства кога се зборуваше за ребаланс на буџетот изнесуваше некаде од 5 нови милијарди денари со оние приберени средства со продажба на нафта 4 милијарди и 600 како наводно тука е покриен. Меѓутоа" ние што сме во здравство знаеме дека фондот не ја оствари онаа улога која му беше предвидена и наменета. Пред некој ден прочитавме во печатот, мислам дека пишувавање во "Вечер" дека фондот треба да оди под стечај. -Јас не сум компетентен и не сум економист. Сигурно времето тоа ќе го покаже. Меѓутоа, фондот не си го најде своето место. Овој проблем што е со лекарства исто така, денеска прочитав во "Нова Македонија" дека "Реплек" како веледрогерија која е единствена мислам голема веледрогерија во Републиката преку која ние т.е. целото здравство се снабдува, дури нуди околу 500 милиони денари, т.е. оној долг што здравствените организации во Македонија му го должат да го отпише како долг, но под еден услов во иднина исклучиво преку "Реплек" да се снабдуваат сите здравствени организации во Републиката. За мене тоа е една иронија и лицемерие. Ако може "Реплек" сега да се јавува како донатор како што тоа нашите иселеници и некои вработени во странство го покажаа на дело па ни испратија лекови од Германија. Еве ние во Куманово преку госпоѓа Крауц добивме извесна количина на лекарства и за тоа навистина сме благодарни, а и други наши иселеници испратија лекови. Па не е на одмет и "Реплек" како веледрогерија. тие 500 милиони

да ги поклони на здравството кое се кога во незавидна ситуација, но тоа да не го условува со тоа во иднина исклучиво преку него да се врши набавка на лекарства. Инаку само ќе ви кажам еден показател, кај нас во Куманово пред неколку дена го разгледувавме извештајот за извршена4работа за овие девет месеци и финансискиот извештај за да видиме како работиме и заклучивме дека во месец јануари се реализирани 144 илјади рецепти, а во месец август само 12 илјади рецепти. Тоа е некаде 8,5 отсто, 9.% од онаа маса на рецепти што е реализирана во јануари. Причината ја кажав. Значи лекарства нема и сите пациенти немајќи друг излез нормално се упатуваат во приватни аптеки и таму го решаваат својот проблем. Исто така во прилог на ова што го кажав ќе кажам дека во вкупните материјални трошоци што се прават во здравството најголем дел учествува храната т.е. пансионскиот дел, тоа се овие хоспитални болни што се лекуваат во болница, потоа сега доаѓа грејната сезона и мазутот сигурно ќе учествува со голема ставка во материјалните трошоци, хемодијализата за која овде сите ние морам да кажам немавме слух кога се предлагаа дополнителни средства за оваа хумана дејност од областа на медицината да живее и понатаму, па и кога предлагавме 500 милиони денари за интервентна набавка на лекарства и тука немавме слух и тој предлог не беше изгласан. Велам дека во овие материјални трошоци главен дел оди за храната, за греењето, за мазутот и сите овие трошоци, а најмал дел се лекарствата како материјални трошоци што досега не е запамтено во здравството. Значи, лекарствата како материјални трошоци во здравството се сведени на минимум.

VIII/8

Сега би кажал за оваа дополнителна мерка од Антиинфлациона програма каде што се вели дека личните доходи во вонстопанството и во стопански организации кои се на извесен начин лимитирани дека и понатаму ќе биде по принцип да 90% од просечниот личен доход во стопанство за месецот каде што е објавено за тој месец во тој процент да растат и личните доходи во вонстопанството и овие како што кажав лимитирани стопански организации. Мислам дека на овој начин 90% овој месец, 90% следниот месец, 10% помалку секој месец, за 6 месеци и овој личен доход што навидум сега значи нешто во вонстопански дејности, мисла каде што спагѓа и здравството ќе биде обезвреднет. Според тоа сметам дека ова е времена мерка и дека натаму веројатно ќе претрпи корекција. Инаку пред некоја седница кога на оваа говорница зборуваше господинот Трпчевски, тој е интернист од Тетово, кога зборуваше за тешкотиите во кои се наоѓа здравството и кажа кога направи една дигресија како се движат личните доходи во стопанството и вон стопанството, на пример здравство и во стопанство кога за пример го зема "Силекс" и господинот Иванов што е наш пратеник што јас го ценам, кој јавно овде призна дека има 4 лични доходи како еден интернист Трпчевски кој е примариус и со стаж, можеби веќе и во финиш на својата професија. Според тоа сум за тоа да го ревитализираме стопанството, да му дадеме предност во се, но и вонстопанските дејности како што е и здравството и образованието и други не треба да имаат третман на потрошувач како досега во општеството, туку да се производна делатност.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Навистина, моето јавување на дискусија е предизвикано многу повеќе од непотребата јас да кажам нешто по предлог - мерките на Владата кои ги нуди во оваа ситуација, повеќе слушајќи внимателно многу дискутанти вчера и денес на оваа говорница и тоа во кои размисли се движи овој Парламент.

Јас ќе се обидам да бидам краток, при тоа водејќи сметка за времето кое е потрошено во врска со расправата за овие мерки и вниманието и стрпливоста на пратениците.

Прво, ако се погледаат мерките што ги нуди оваа Влада вчера и денес и во некнежната расправа на комисиите, според мене  основен е впечатокот дека оваа Влада не живее во илузии дека се почнува од нејзе и со нејзе, ниту е под впечатокот на:таква можна хипотека како што може да биде, ниту ги затвора просторите за можните визионерски разврски, што Македонија ќе ги доживува во наредниот и краткорочен и подолгорочен период, туку дека прави одреден напор, согледувајќи ги состојбите после едномесечното нејзино работење врз основа на реалните состојби кои се предизвикани во ваква ситуација во каква што се наоѓа Република Македонија. Мислам дека таквиот впечаток тешко може да се оствари од било кој овде субјект, што на некој начин го тангира и го тангираат овие мерки што Владата ги предлага.

Во тој контекст јас само сакам да потсетам дека и самата содржина на мерките, ако внимателно се следат произлегуваат од мерките на онаа претходната Влада што ги донесе кон крајот на април месец, при тоа потсетувајќи дека навистина со поинакви претпоставки во тој временски

период за разлика од она што денес амбиентално е во Македонија и околу Македонија. Јас сакам само да потсетам дека во тој временски период во април месец оваа година таа Влада и овој Парламент кој еднодушно им да де поддршка на тие мерки и за кои се сеќавам дека со многу мал број на дискутанти од овој Парламент беа прифатени, што реално чинат дека таквиот приод на Парламентот беше од причините дека во таква амбиентална опкруженост што ја имаше тогаш Македонија и надежите дека побрзо и радикално ќе се излегува од состојбите кои во тој период, барем се чинеше дека се можни излезни решенија, во овој летен период некои ситуации се доведени до апсурдна ситуација, што Владата ниту го крие, туку нарочно го потенцира, а и тоа и претседателот на Владата во своето излагање. Мислам дека и дискусиите што се произлезени во овие 2-3 дена во комисиите и Парламентот од пратениците токму се и како последица на тоа дека и овој Парламент веќе станува свесен дека Република Македонија дека веќе соочена со ваква состојба каква што е почнува да размислува дека навистина периодот на некој начин на излегување на Македонија од овие состојби ќе биде подолгорочен и подолготраен отколку што беше барем во оној период во април кога размислувавме.

Лично сметам дека во тој контекст и мерките што ги предлага оваа Влада не можат да бидат нешто квалитативно или квантитативно дијаметрално различно од оние мерки што на некој начин и таа Влада ги предлагаше врз основа на познатите концепти што се прават за антиинфлациони програми теоретски што постојат денес во светот и признати. Веројатно дека таквиот концепт тогашен и овој сегашен е само избор на тие теоретски концепти и прилагодувања на специфичните состојби, стопански, општествени, амбиентални во кој се наоѓа РМ и ништо

ново и ништо друго поинаку или радикално поинаку ниту оваа Влада,. ниту претходната Влада, ниту незнам некоја идна можна влада или политичката струк- тура може да измисли за просторите на Македонија. Со еден збор веројатно дека реално се соочуваме со состојбите ако порано декларативно, сега, се пореално секојдневно се соочуваме со состојбите во кои се наоѓаме и во кои би се нашле. Оттаму и карактерот на овие мерки ;на оваа Влада, јас го сфаќам како еден бај-пас, како едно премосување на состојбите во кои објективно или субјективно се најдовме во оваа ситуација во која сме, за да евентуално се создаде временски простор за порадикално системско менување на стопанските и другите амбиентални услови во РМ во кои ќе претстои еден подолгорочен период. Доколку, според мене, ваквите мерки не се донесат од овој Парламент;, тоа значи и никаква неможност понатаму да се носат било какви системски мерки или се носат, а да тие не предизвикуваат соодветни позитивни последици какви што треба да се очекува. Мислам дека само во таа смисла можеме да ги сфатиме ваквите мерки, а никако да ги сфатиме како мерки, дефинитивни мерки кои ќе донесат некоја светла одеднаш перспектива понатамошна на РМ.

Оттаму, и моето апелирање до пратениците без разлика на нивната позиција политичка мислам во однос на оваа Влада и оттаму и повикот на претседателот на Владата за одреден консензуален пристап кон овие прашања, а никако за тоа дека одредени политички субјекти ќе го изгубат својот политички идентитет во рамките на тоа ако застанат зад ваквите мерки и дадат поддршка многу повеќе значајно за мене не во моментот на изгласување на овој Парламент, туку во моментот на практичното спроведување на мерките односно во тој период без поголема практична

опструкција на тие мерки. Само да додадам пошто неколку души беше спомнато дека повикот за консензусот премиерот е толкуван на ваков или . онаков начин сметам дека ниту тоа е лична желба на претседателот на Владата, ниту негов личен избор, туку е тоа нужна претпоставка и теоретска и практична дека на сите политички субјекти во вакви моменти поготово и на сите социјални слоеви во државата треба да се постигне еден консензус по тие прашања. Затоа што е тоа нонсенс треба да профункционираат мерките. Сето друго би било  само социјална така да кажам демагогија или демагошка перверзија што би се искажало од оваа говорница и од практичното дејствување на одредени структури во Републиката. Во таа смисла јас давам целосна поддршка на мерките, иако личниот вкус може да биде и ваков и таков во нијанси за поодделни мерки, вклучувајќи го ту компонирајќи го и сопствениот интерес на поединци, на социјал групи, на структури, на гранки и незнам други субјекти кои ќе се најдат третирани под нужниот механизам кога овие мерки ќе функционираат.

Се надевам дека и овој Парламент има веќе стекнато таква потребна свест за поддршка на овие мерки и толку би завршил, сметам дека и работата на Парламентот во смисла на желбите што беа искажани во овие два-три дена од оваа говорни за поефикасно работење би требало на некој начин да претстои еден договор за да ја направиме сепак работата поефикасна на овој Парламент, за да не се повикуваме многу често на другите субјекти дека се виновни за таквата ситуација, туку доволно е да направиме рептоспектива во какво огледало сме ние во однос     на

работењето на седниците, и понатаму адекватно да бараме и такво однесување на другите субјекти.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, најголем дел од дискусиите во најголем обем и по содржина се веќе исцрпени и се повторуваат. Тие се преопширни и најверојатно е тоа последица на едно месечна пленарна апстиненција, па така говорништвата мали да ги!доизразиме и доискажеме и заради сето тоа во мојот настап ќе се задржам само на два акценти.

Прво, дополнителните мерки на Владата се насушна потреба на државата и обид да воспостави или да почне со воспоставување на неопходен правен и економски баланс помеѓу дивото стопанисување и трговија од една страна и принципите на пазарна економија од друга страна како државна определба.

Второ, за успешноста на предлог - мерките во фаза на нивна реализација сигурно е дека е потребен не само меѓупартиски туку и дури и меѓуграѓански консензус. Но, длабоко сум убеден дека, пред се, се неопходни потентни владини инструменти без кои што дополнителните мерки за економска стабилизација ќе останат со статусот неостварена желба.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во дводневната расправа, навистина, беа изнесени и корисни сугестии, забелешки, предлози што Владата секако ќе ги почитува при операционализација на

мерките што се во нејзин домен и посебно во физиономирањето на макроекономската политика за 1993 година. До душа беа изречени и забелешки или предлози кои тешко ќе успееме да ги!поминеме, затоа што се спротивставени како што беше залагањето од една страна да имаме рестриктивна, дури и многу порестриктивна од онаа што се предлага монетарна политика, а од друга страна се бара заживување на производството или пак цврсто контролирање на масата агрегатна за плати, а од друга страна да се активираат различни стимуланси како можност за зголемување на платите и како поттикнувач за зголемување на активностите. Или пак залагање за укинување на селективните кредити од некои од дискутантите, што долгорочно сигурно ќе биде актуелно, а од друга страна да се зголеми бројот на производи кои ќе бидат потмомагани од примарната, емисија. Овие работи често пати не од^т рака под рака, поготово вместени, вклучени во стабилизационата програма. Напротив, се однесуваат како опозити.

Мотивирана од некои дискусии и критички забелешки би сакала да укажам на пристапот што го имавме при предлагањето на овие мерки и за целите што мислиме доколку и се спроведуваат би требало да се остварат. Мерките се, пред целно насочени да обезбедат макроекономска стабилност на курсот, се разбира стабилност во релативна смисла на зборот, да обезбедат пресечување на инфлаторната спирала која сосема сигурно веќе се активира и •да обезбедат активирање на тренд на намалување на цените, односно соборување на инфлацијата. Значи, не се определивме за

потиснатата или пригушена инфлација, затоа што во општо. прифатениот образец за нејзино идентификување таа се јавува кога на една страка се зголемува агрегатната маса на куповната моќ или на страната на потрошувачката се зголемува моќта за потрошувачка, а таа не може да се изрази низ повисоки цени. Тоа најчесто се јавува во моделот на дезинфлација каде цените се ставаат под целосна контрола. Ако ние ги пробиеме програмираните параметри,,ќе имаме отворена инфлација, а не прикриена инфлација, затоа што не одиме ниту со експанзивно креирање на потрошувачката, ниту со максимирање на цените. Се максимираат некаде околу 18-тина проценти од цените на мало на производите и услугите, што е сосема прифатлив обем на администрирање во оваа област и во многу по пазарни економии од нашата.

Ако околу нешто не постои спор меѓу теоретичарите, тоа е дека инфлацијата се јавува како манифетна појава или збирен индекс за нешто што се случува длабоко во основата на економскиот систем. Структурни проблеми, структурни преметувања, ребаланс и други. И согласноста најчесто дотаму завршува. Во поглед на идентификувањето на примарните генератори за инфлацијата, а од таму и запекот против неа, имаме поле на навистина голема инвентивност. Оттаму, не треба да не чуди, ниту да не вознемирува што постои можност за кандидирање на различни модели и методи систем на мерки за сузбивање на инфлацијата.

Нешто е сосема јасно дека инфлацијата или поточно стабилизација на подолг рок не може да се оствари доколку не се пресечат примарните генератори на .инфлацијата. Тоа значи доколку не успееме да ги отстраниме длабоките институционални дефекти и стратешки промашувања во стопанско - системската рамка, доколку не изведеме

поинаква организација од тука и логика па функционирање на економскиот систем кој би бил Компатибилен со системот на пазарна економија, а во тие рамки и одвивале на процесот на приватизација и воспоставување на нов финансиски даночен систем поинаков банкарски систем доколку не ги промениме системските решенија и начинот на функционирање на економските односи со странство и сите законски проекти што во тој домен припаѓаат, доколку не ги совладаме бројните структурни нерамнотежи и квалитетно не ги покриеме бројните дефицити и внатрешни и надворешни кои се сега> актуелни во Македонија. Тешко ќе обезбедиме економска стабилност на подолг рок ако не сме меѓународно призната земја со можност да пристапи на светскиот пазар на капитал, за финансиска поддршка на своите стабилизациони напори. Или ако не излеземе од овој економски карантин фактор со кој веројатно во ваква програма не рачуна ниедна земја или не била . доведена да рачуна некоја земја во светот.

Како Влада се деклариравме дека реално ќе ги согледуваме проблемите, нема да сееме илузии дека многу бргу или еве со реализацијата на овие мерки ние подобро ќе живееме, тоа сега ова во вакви услови какви се нашите многу бргу како бумеранг на оној што ги дал тие ветувања и затоа велиме дека економската стабилност од потраен карактер не може да се обезбеди со овие мерки и не може да се обезбеди во релативно кус временски период

X/1/CC/лј

**СОФИЈА ТОДОРОВА: (**продолжение)

Но што во меѓувреме? Повеќе од јасно е а тоа и денеска беше повеќепати кажано дека Антиинфлаторната програма веќе на функционира

Некој од т.н. сидра или контролни параметри веќе се нарушени или на пуштени. Да спомнам само во секторот на цените, во секторот на платите

Што беше причина а што последица ако сега расправаме нема многу да бидеме продуктивни. Дали со тоа што се случи во секторот на платите, шокот на страната на потрошувачката, предизвикавме целосно торпедирање на самата програма или^тоа беше условено од претходната од нарушување на други програмирани големини во Антиинфлаторната програма. Значи, некои се напуштени, ;некои ,и натаму опстојуваат, меѓутоа апсолутно се небитни и неважни, како што е фиксираниот девизен курс или само периферно се употребува околу набавката на лекови и евентуално нафтени деривати, за што и нема доволно девизи. Некои пак и натаму остануваат нанесувајќи огромна штета за делови на стопанството, да го спомнам само максимираните цени кои од! донесувањето, некои, за некои производи и услуги од донесувањето на Антиинфлаторната програма не се променети.

Што не очекува? Оваа пренесена инфлација, или инфлаторниот набој кој сеуште се кумулира, не е испразнет во претходниот месец, нужното менување на девизниот курс и менувањето на цените кои се под режим на максимирање, што мораме да го направиме без оглед дали ќе се согласиме да носиме пакет на мерки или не, ќе ја подгрева инфлаторната спирала и ние навистина влегуваме во зоната на хиперинфлацијата. Имавме две можности, од прилика со сличен ;исход, гледано на ниво на макросистемот иако различно ќе се одразеше на одделни сегмент на стопанството и во одделни делови во населението. Тоа е реален пад на личната и јавна потрошувачка. За тоа се дадени и конкретни параметри. Вистинско

X/2. -

прашање е дали можеме тоа да го издржиме. Одговорот на тоа прашање треба да биде и критериум за опостојувањето на релаксацијата на овие мерки.

До тоа можевме да дојдеме и преку целосно слободно дозволување на одење на спиралата - плати - цени - црн девизен курс. Меѓутоа, тоа ќе условеше до сериозни разорувања на економскиот систем со несогледливи последици И на социјален и на економски план. Затоа се определивме за другата можност за преземање мерки на тековната економска политика која на краток рок треба да условат стабилизирање на економските состојби, а тој временски простор да се искористи за заокружување на стопанските системски решенија и отпочнување на процесот на структурните прилагодувања . Во таа насока и во таа смисла Парламентот е на потез со разгледување и усвојување" на низа закони, меѓу кои се и системските закони што се веќе доставени.

Кој приод го одбравме? Зошто успеавме за еден месец да излеземе со еден ваков пакет, пакет на мерки "дали имавме основ да бидеме толку продуктивни".

Чувствувајќи ја тежината на економските проблеми со кои се соочуваме од една страна, а од друга страна не можејќи да изгласаме недоверба на програмата која беше прифатена во овој; парламент а почна да дава определени резултати, го прифативме тој модел во основа, се разбира на дополнет, врз кој ќе базираат мерките на тековната економска политика. Беше нужно номинално прилагодување на сидрата од Антиинфлаторната програма и заради нашите специфичности додадовме и одделни мерки на економската политика на планот на разрешување на проблеми- те со дефицитот во буџетот, на планот на односите со странство, околу нафтената криза, околу почетното совладување на проблемите со девизни штедачи. Тоа беше можно да се направи навистина со интензивна работа во текот на овој изминат месец.

X/3.-

Не одбравме друга можна концепција како што е ортодоксниот пристап со водење односно одеше кон без инфлација исклучиво преку монетарните агрегати, цврста монетарна политика затоа што ценевме дека тоа ќе има страотен удар врз производството. Значи, цента е таква каква што не би можела да ја издржи ова стопанство после долго- годишната криза.

Само нешто околу платите. Беа упатени критички забелешки околу одбраниот пристап, можната маса да се регулира или со неа да се управува преку Колективниот договор, поточно анексот на колективни договор. Како Влада бевме исправени или имавме две сознанија, едниот факт од кој моравме да појдеме е дека масата на плати мора да се контролира за да имаме заокружен модел на водење на антиинфлаторна политика, мора да се контролира, знаејќи го учеството на платите во општествениот производ а од друга страна ни беше битно, знаејќи дека во наредните месеци ќе мор,а да дојде до значително реално намалување на платите ни беше битно во оваа програма да имаме што повеќе сојузници она што денеска многупати го слушнавме, неопходно е да се постигне општ консензус. Ако немаме поддршка од надвор, тогаш внатре да се обезбеди поддршка во рамките на Републикава.

Токму заради тоа беа разговорите и преговорите и со синдикатот и со Стопанската комора. Сосема ни беше јасно дека колективниот договор по-тпишан во таква форма на почетокот на оваа година апсолутно не ќе може-ше да се вклопи во оваа програма на мерки, затоа што не ги определува горните лимити на можниот пораст на платите и неможност да се планира агрегатската големина. Затоа се отиде со Анексот низ кој тоа е обезбедено.,

Сигурно има простор за стравување дали ќе се применува Колективниот договор. Меѓутоа, многу пати од оваа говорница беше кажано дека ние и законите не ги применуваме. Ато се случи и со законот за

X/4.-

платите кој во невреме го променивме, предизвика тоа што предизвика во рамките на Републиката.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**

Почитуван претседателе нашата парламентарна група во подготовката за настап во денешната седница и по прашањата што беа на дневен ред се договори за настап на седницата само на тројца пратеници. Мојата задача е олеснета со фактот дека ние сме во опозиција и нашите укажувања ќе бидат; ,од корист на Владата,

Согласен сум, во случајов да констатирам, дека треба да се ј изгради принципот на настапот на говорницата од парламентарните групи. Ова претпоставува брзо носење на деловникот за работа. Во тој случај само водачите на парламентарните групи би говореле или овластени пратеници по конкретни теми на коалицијата и опозицијата што е основ за ефикасност на парламентот. Очекував дека пратениците од коалицијата ќе го почитуваат ова правило со што би изостанало прашањето чија е Владата и зошто волку долго трае седницава.,

Почитувани пратеници, за основа на моето искажување ги имам предвид само дополнителните мерки и воведното излагање на претседателот на Владата господинот Бранко Црвенковски.

Собранието денеска има сложена задача и одговорност да изнајде мерки за опстанок на стопанството и нашата држава. Сведоци сме дека стопанството се наоѓа во тешка односно алармантна состојба. , Сигурно за тоа наше стопанство ни треба точна дијагноза и врз основа на тоа права терапија.

По редот на нештата Владата е во улога на доктор кој треба да утврди дијагноза и терапија. Во конкретниот случај, што нуди Владата? Нуди претпоставена дијагноза за која и таа има резерви и терапија преку

која сака да ја потврди дијагнозата а не да го лечи стопанството. Еве зошто:

За поставување на точна дијагноза треба точна документациона основа, односно податоци и евиденција за состојбите во стопанството. Дали Владата има податоци за правата состојба на стопанството? Веднаш ќе кажеме нема од увидот кон прилогот, така наречен документацијата. Од него произлегува дека:

1. Владата нема точни податоци за големината и структурата на општествениот производ. (Владата тоа сама го констатира преку извештајот на Републичкиот завод за статистика.

2. Владата нема точни податоци з а големината и струк- турата на увозот и извозот, а се знае дека нашето стопанство е увозно-извозно ориентирано. Тој податок е од огромна важност.

3. Владата нема точни податоци за висината и структурата на платите и другите лични примања.

4. Владата нема податоци за паричната маса надвор од каналите на платниот промет што се кај граѓаните'.

5. Владата нема податоци за висината на даноците и придонесите што треба да ги платат стопанството и другите обврзници.

6. Владата нема точни податоци за висината на неплатените придонеси и даноци од даночните обврзници.

7. Владата нема точни податоци за состојбата во банките.

8. Владата нема точни податоци за залихите на производите и стоките во Републиката.

9. Владата нема точни податоци за побарувањата и обврските во нашето стопанство посебно за побарувањата од поранешните републики

X/6.-

Ако овие податоци претставуваат дскументациона основа за утврдување на правата состојба ка стопанството и нестопансково, немањето вакви податоци значи и непознавање на правата состојба во добар дел ако не и во претежниот. Според тоа, Владата на ја утврдува правата состојба туку истата ја претпоставува. Поаѓајќи од оваа состојба Владата нуди терапија - дополнителни мерки за неутврдена дијагноза односно заснована на претпоставки.

содржината на мерките, во суштина се рестриктивни, односно ограничувачки, иако до крајот. на годината. Со други зборови Владата на болен и гладен пациент му препишува терапија со гладуваше за скоро оздравување. Тие мерки најмногу ќе ги погодат работниците и сиромашниот слој на населението во Републикава. Тие мерки треба да имаат селративен карактер односно товарот на гладувањето треба рамномерно да се распореди.

Поаѓајќи однапред изнесено програмата не можеме да ја прифатиме, со други зборови не ја поддржуваме.

Ги сениме напорите што ги прави Владата и со фактот на предлагањето дополнителни мерки на економската политика од стабилизационен карактер за 1992' година, но нашата поддршка би била дадена ако се направат дополнителни напори за мерки засновани на реалноста што и се укажува и кои би биле радикални, но затоа достоинствени и плодотворни.

Чинам дека во случајов имаме отсуство на одговорно однесување на оние институции со чии податоци би имале издржани мерки, за што цениме дека Владата треба да го актуализира прашањето.

Колку мене ми е познато во армиите во светот нема болни војници. таму, во лекувањето се употребува терапија со третман и дози што лепат.. Тоа треба да се стори и во државата. Во ова преодно време потребни се само одговорни и цврсти мерки.

X/7.-

Оттука ценам дека ова наше укажување ќе биде корисно за активностите на Владата до крајот на годината, а за потребите на програма за 1993 година која мора да се засновува на усвоен системски закони.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакав да поставам едно процедурално прашање, меѓутоа почекав изгледа и последниот пратеник да го каже своето мислење. Барам претседателството да одговори, незнам зошто министерот за развој излагаше од оваа говорница бидејќи едно експозе по Мерките од премиерот кој е присутен слушнавме. Знам дека Машински елементи нема врксасо монетарната политика, но тоа не и дава право на дамата министерка да интервенира на ваков начин и покрај присуството на премиерот.

Затоа, коментари по предлози на пратениците, министрите нека си прават на седница на Владата а не овде.

Бидејќи бев испровоциран на еден начин од господинот Наќе кој кажа се што не е во прилог на постигнување консензус за овие мерки е демагошка перверзија, бидејќи еден од тие пратеници сум кој се изјаснив против овие мерки, сакам да му возвратам Господине Наќе од вашата идеолошка перверзија искажана од оваа говорница ми се смачи.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

За константноста на ставовите на пратениците што ја прават комплетната личност на секој овде во оваа сала и надвор од оваа сала и што е еден од условите нечие мислење да се почитува или не се почитува во подолгорочен период, може да се види од стенограмите на господин Петров по однос на мерките кога се носеше антиинфлационата програма на 27 април о.г,, и од ставовите што беа искажани по повод Предлог мерките на оваа седница.

X/8.-

Бидејќи јас тоа внимателно го видов, иако не мислев пред се на господинот, Тодор Петров кога по кажа тоа, мислев- на многу - повеќе препознатливи други демагошки ставови што беа овде изнесени но лесно тоа може да се утврди еве, на конкретниот пример на Тошо Петров.

А, со обѕир на тоа што му се повраќа на господинот Тоше Петров има блиску други простории овде, не мора овде на оваа говорница,

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас не реков дека ми се повраќа ми се смачи.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, изгледа од технички причини е пропуштено моето име, јас очекував дека ќе бидам повикан, бидејќи уште од вчера се јавив за дискусија, меѓутоа, тоа не е битно.

Уште на почетокот би сакал да кажам дека јас навистина сум изненаден од големиот број на дискутанти, во врска со овие дополнителни мерки на Антиинфлационата програма, од владеач- ката коалиција, бидејќи мислев дека има доволно време од 40-тина дена да расчистат во своите редови околу овие дополнителни мерки и да не не замараат овде нас кои не сме овде во оваа коалиција, а исто така, да не ја замараат и јавноста македонска, како и тоа да не ги зголемуваат трошоците на работењето на овој Парламент.

Сето ова покажува по мене дека фактички рушењето на старата инфлациона програма беше исклучиво од борба за доаѓање на власт, бидејќи факт е дека Парламентот беше тој кој ја рушеше оваа Антиинфлациона програма со мерките и законите кои ги носеше, а кои не беа прифатени од предлагачите на Антиинфлационата програма и кои ни беа нам укажувани. Што значи партискиот интерес по мене беше ставен на државниот интерес.

По мене можеше старата влада по многу други работи да падне и требаше да падне, но не на овој начин преку рушењето на Антиинфлационата програма. Во цел сет знаеме паѓале влади, за многу помали работи, имаше тука доста причини, јас би ја спомнал само аферата со привилегираното купување на автомобили Тојота по багателни цени, кое се уште е актуелно, но ценам дека господата кои сега се во коалиционата

влада, голем пад од нив и самите го искористија тоа право за купување на автомобили по багателна цена, а давани од монополите во Републиката, кои што сакаат да си ги задржат своите монополи и понатаму. Ценам дека само заради таа причина господата од коалицијата не отидоа во рушење по тој основ. Исто така, можеше и по основ на злоупотреба на своите Функции на господата од старата Влада за подигање на заробените девизи, за привилегираното .подигање на заробените девизи, можеше и по тој основ да падне старата Влада, но се отиде на паѓање на / старата Влада со рушење на Антиинфлационата програма, што за мене претставува голема грешка. Баш во јули и август месец кога почнаа да доаѓаат првите резултати со Антиинфлационата програма, кога инфлацијата месечна се намали на 8,3%, односно 6,6% , токму во тоа време овој Парламент најпрвин го донесе одмрзнувањето на пензиите, со што оние малкумина пратеници кои укажуваа на опасноста, не се усвои, беше прегласано, потоа Законот за платите кој што исто така беше предложен од пратеник на владеачката коалиција, а поддржан од таа коалиција, потоа дозволата за зголемување на платите на оние стопански субјекти кои добро стопанисуваат, но за тоа повеќе е виновна старата Владата итн.

Јас ќе дадам некои мои укажувања до Владата кои што мислам дека ќе бидат добронамерно сфатени и дека £е бидат преземени соодветни мерки за нивно преземање во овие дополнителни мерки.

Сметам како прво, дека под итно е потребно санација на банкарскиот систем, доколку сакаме да одиме со овие дополнителни мерки, од причина што мислам дека сме единствената држава во светот во која што

должниците на банките се ставени во ситуација да управуваат со банките. Сметаме дека треба да се донесат под итно мерки, со кои што ќе им се даде слобода и независно за банките да раководат исклучиво од нивните интереси.

Второ, по мене треба да се создадат законски претпоставки политиката, политичарите ги тргнат рацете од Народната банка и печатницата за пари, бидејќи ќе кажам само еден пример претходните избори во Србија кога многу добро знаеме со емисија на пари беа купени гласовите на еден огромен дел од популацијата пензионерите. Доколку не создадеме законски претпоставки, за оваа работа, мислам дека ќе биде трајно опасна ситуацијата да'' одиме во нови избори, бидејќи ситуацијата од Србија може многу лесно да се преслика овде во Македонија.

Трето, мислам дека неопходно се наложува потребата од воспоставуваше на платниот промет и запирање на сивата економија, нормално, бидејќи во секоја нормална држава, а мислам дека и ние сме нормална држава, постојат драстични казни за сите оние стопански субјекти ги кои вршат затајување на даноците итн. Понатаму мислам дека треба веднаш да се оди во градење на алтернативни патишта, со оглед на соодветното окружуваше и блокада од север и југ. Јас досега на неколку пати сум укажувал на тој проблем, но старата Влада молчешкум поаѓаше на тоа. Мислам дека треба под итно оваа Влада веднаш да се зафати со градба на патишта и преориентација кон пристаништата Драч и Бургас. Се до- дека сме зависни од пристаништето Солун , така и господата од нашиот јужен сосед ќе се однесуваат, како што сега се однесуваат

XI/4

Исто така, за мене  индикативно и јас ве знам дали е тоа од страна на Владата или од страна на Макпетрол со последниот танкер кој е заробен сеуште во Солунското пристаниште, кога знаевме дека посебно од овие танкери уште 15.000 тони нафта ни се заробени. Навистина тоа јас го сфаќам како краен политички дилетантизам, можеби стојат и некои други сили и други намери зад тоа.

Исто така, сметам дека под итно мора да се донесе законот за приватизацијата, дали тоа оваа Влада е способна да го донесе, или не , јас не знам, но доколку не го донесеме овој закон, најдобро веднаш да одиме на нови избори. Исто така сметам дека оваа Влада мора да оди во немилосрден судир со сите корисници на буџетот. Факт е дека во цел свет при донесување на вакви мерки, сите влади првите чекори што ги правеле биле кон сите овие корисници на буџет што се по нивна реорганизација, нивна рестрикција, тука би кажал за еден огромен административен апарат на сите корисници на буџетот, војската, полицијата, разни СИЗ-ови итн. Најпрво треба да се изврши таа рационализација, па дури потоа да се преземаат дополнителни мерки. Тука треба да се види и каде е местото на монополите во ова наше општество, зошто е факт дека монополите оваа Влада стара што беше, а голем дел и од пратеничкиот состав , може би и од новата Влада, се донесени во една зависна положба од монополите во Македонија, да не ги спомнувам, се знае кои се монополи, за тутун, нафта и други работи, голем дел од нашите колеги пратеници од старата Влада се доведени во зависна положба, бидејќи да се разбереме,- никој не дава Тојота туку така. Мислам дека сме едиснтвена земја каде што еден огромен

дел од стопанските субјекти и своите девизи ти чуваат надвор од нашата земја, во странските банки и државата за тоа воопшто не презема никакви мерки. Сметам дека тука мора да се преземат енергични мерки, но пред тоа да се изврши реорганизација во банкарскиот систем.

Тука исто така, е моето укажување до Владата, и за регулирање на границата према Србија, односно воспоставување на вистинска граница, граница каква што имаме од исток, од запад и од југ и таа граница да ги има сите тие претпоставки. Не би било лошо претставниците на Владата да се изнесат , бидејќи со старата Антиинфлациона програма кога се носеше се воведе и плаќањето на 30 ДЕМ во однос на овие други 3 соседни земји, а факт е де!ка тоа на драстичен начин се изигрува, бидејќи огромен дел од нашите граѓани патуваат низ цел свет преку север, притоа изигрувајќи ја државната каса за 30 ДЕМ. Затоа предлагам оваа Влада да се произнесе и по мене сметам дека треба да се воведе, 30 ДЕМ и кон север при излегување, или да се укинат према Исток, Запад и Југ.

Премиерот на Владата Бранко Црвенковски во својот инаугурационен говор се повика на обединување на сите македонски сили, при изложувањето на овие дополнителни мерки се повика на општ политички консензус. Јас јавно, јасно и гласно од овде се прашувам како некои може да бара општ политички консензус , кога во првите четириесет дена од своето владеење , тоа е факт дека еден добар дел на луѓето од државната администрација се фрлаат надвор и тоа само поради еден единствен критериум што биле блиски до одредени политичари, на пример до господинот Васил Тупурковски, заради тоа што некој бил близок пријател на

Г-динот: Тупурковски, да се трга од заменичко место или од потсекретар, за мене е тоа незамисливо и со такви чекори направени не може да се бара општ политички консензус при овие мерки. Ако се бара тој консензус, тогаш за мене овие работи се исклучуваат една со друга.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас имам процедурално нешто да кажам. Се однесува на членот 62. Бев иритиран од размислувањата и на претседателот на Владата и на министерот за развој и на одредени пратеници кои овде тврдеа дека им треба општ политички консензус итн. Мислам дека и вчера кажав ние треба да се научиме на правила на игра. Кои се правила на игра? Ние се декларираме дека имаме позиција и опозиција. Јас не верувам дека некој овде ќе каже дали овие мерки се издржани и ќе дадат резултат. Не верувам Пет економисти да најдеме овде ќе кажат различно. Меѓутоа, оставете на нас што се декларираме како опозиција да не ги поддржиме овие мерки. Сакам да го цитирам членот 62, став 3 каде што се вели: "пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување." Овде исто така се искажа дека некоја пратеничка група одлучила, три пратеника да истапат, што значи дека оние од три нагоре што истапија од оваа говорница дека не се членови на оваа пратеничка група. Мислам дека во овој Устав Іне постои пратеничка група туку постојат претставници на граѓаните а тоа се пратениците и секој пратеник од 120 овде има право да излезе на говорница и да си го каже своето мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме почитувани дами и господа, дека ова е прва расправа во услови кога ние во Собранието имаме мнозинска Влада и кога имаме опозиција. И ако случајно се случило и кај опозицијата и кај мнозинството да има однесување кое не е наполно во согласност со тој факт, тоа треба да го објасниме, заради тоа што ни е прв пат тоа. Меѓутоа, стојат забелешките што беа овде изнесени дека не е нормално од 40 учесници во расправата, 25 да бидат од парламентарното мнозинство што стои зад Владата и се разбира дека тоа овој пат се случи, но тоа претпоставува поинтензивна работа до седницата со парламентарните групи и Владата за да најголем дел од искажувањата и најголем дел од предлозите бидат проверени со Владата што го поддржува тоа мнозинство, претходно, а не да доаѓа овде со тие предлози и со тие забелешки, за да не се повторуваат работите, за да не се трауматизира Парламентот, за да не ја спречуваме Владата да ги донесува своите одлуки, бидејќи на пример , ако овие мерки беа донесени вчера, денес Владата ќе работеше по нив, мислам ако завршивме со расправата по оваа точка.

Исто така, во демократските парламенти, во чии устави пишува дека пратеникот ги претставува граѓаните, а настапува по своја совест, пратеникот затоа е независен, или е во некоја пратеничка група, па дури и во Деловникот тоа е озваничено, па и се одредени состојбите, ние сега тоа треба да го донесеме, тука е сега и господинот Зибери, претседател на оваа Комисија, беше подолго отсутен, треба да побрзаме сега со Деловникот, ќе нема никаква пречка да се донесе и во тие деловници нивни исто така е одредено дека во име на пратеничките групи за нивните ставови

зборуваат овластени пратеници по поедини прашања, поедини пратеници, а по исклучок зборуваат други пратеници. Затоа мислам дека ние во нашата практика треба на некој начин и со работата овде во Парламентот со нашето однесување да означиме дека држиме седници во услови на парламентарно мнозинство и една определена опозиција и организацијата на работата нормално треба да биде така, држењето на пратениците да биде во согласност со тоа како и на пратеничките групи во согласност со тоа.

XII/1/j j /см

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Се разбира некои забелешки од страна на опозицијата што беа изречени беа така малку да кажам боцливо изречени, не треба да се земе начинот и јазикот со кои се изречени, но во овој момент и по овој повод , во врска со ова се точни и исправни. Треба да се има во вид.

Тоа што се однесува до начинот како треба да работиме и како да ја рационализираме работата. И затоа постоењето на политичка влада ја забрзува работата ја прави поефикасна и порационална итн.

Инаку претставникот на Владата и овластениот министер, овде член на Влада, кој што присуствува по точката за која што е претставник има право секогаш да земе збор. Инаку би била една крајна нерамнотежа меѓу Собранието и Владата, Собранието да може, односно овде во Собранието да може да се кажуваат и крајни невистини кои што не стојат и кои што не се објасниви, а да речеме претставникот на Владата да не може да даде мислење по тие искажувања, што е непримерено и за услови на било кој парламент и многу помалку демократски отколку што е овој, затоа и постои институцијата на член на Влада, постои институт претставник на влада по одредена точка итн. итн.

Се укажа потребата да земам збор заради тоа што ние сега доста ја испомешавме работата, па има различни забелешки, сугестии итн. итн. и од оние од кои што се во парламентарното мнозинство и од оние што се опозиции, за да можеме да заклучиме мораме малку да ги сумираме состојбите.

Ние овде имаме еден предлог на дополнителни мерки од Владата со материјалите кои ги следат. Имавме уводно излагање, и имавме и едно дополнително објаснување од министерот за развој госпоѓа Тодорова.

Имаме, работевме покрај овие два дена, работевме во комисиите два дена. Во комисиите и беа искажани исто толку, можеби и повеќе искажувања и сите тие искажувања беа сумирани во извештаите на комисиите. Извештаите на комисите беа основа за правеше на еден заклучок овде, кој вам ви беше поделен како предлог - текст на заклучок. На тој предлог - текст на заклучок што треба да го донесе Собранието, никој не се осврна освен што имаме еден амандман од господин Тодор петров, кој што ќе го дадеме на изјаснување и тој ви е поделен. Сите други искажувања, се разбира, ги земаме како искажувања на пратениците во расправата што ја имавме. Е, сега дали тие нешто менуваат во заклучокот. Јас затоа сакав овде да го изјаснам мојот став и како мислам дека треба да се однесеме спрема заклучокот. Ние всушност имавме три вида забелешки. Еден вид забелешки не е врзан за дополнителните мерки и материјалот кој е тука туку се општи забелешки на Влада, на оваа Влада, на онаа,старата Влада, на системот, на Парламентот итн. Тие забелешки се интересни и добри, може да се користат во понатамошната работа на Парламентот и Владата. Меѓутоа, тие забелешки не можат да се однесуваат на нашиот однос кон дополнителните мерки.

Друг вид на забелешки и една цела редица забелешки има каде што се предлага и бара дополнување или изменување на некои ставот во дополнителните мерки во материјалот што е даден. И тие пак,имаат двојно дејство. Имаат дејство кои што немаат незнам каков билансен ефект и евентуално можат да се прифатат и за тоа нека си размисли Владата дали се ефикасни и дали може да се прифатат. А оние што имаат билансен ефект, кои што би внеле нови нерамнотежи, затоа треба Владата да промисли дали може да ги прифати и тоа многу сериозно и дали може, инаку да даде аргументи дека ги отстранува и не ги прифаќа и да се задржи на овој дел што сега го предлага.

И третиот вид забелешки, јас мислам дека произлегува од еден дискутант, беа од концептуална природа. Една забелешка беше дека не треба и не е корисно во овој момент да се оди со вакви дополнителни мерки како што ги предлага Владата, туку да се оди евентуално со друг вид односно метод на шок терапија. Јас незнам дали на комисиите тоа е доста дискутирано. Меѓутоа, ние сигурно за една подлабока стабилизациона програма, подолгорочна, ќе мора да изведеме нови подготовки под други услови, но не гледам тоа искажување на може да биде алтернатива на сегашните дополнителни мерки што се до крајот на оваа година.

Јас само би рекол шок терапијата е пробана во повеќе земји и таа вистински успех има само во Израел и тоа во време кога Израел имаше и доживеа околу 9 милијарди долари поддршка што од Европската заедница што од Светската заедница, што од САД и што од меѓународни светски финансиски институции. Затоа треба многу посериозно и критички и многу внимателно понатаму да се работи и кога ќе работиме подлабоко за една таква наша можна опција, да ги претресеме состојбите, да видиме кои се искуствата и кои се определил за тоа. На ОЕЦД извештаите, разгледувањата, билтените, потоа собирите што се правени како да се помогне на Источна Европа од одделни меѓународни институции итн., шок терапијата не ја препорачуваат за земјите на Источна Европа и земјите што ја наследуваат бивша Југославија заради дефинитивно неизвесната меѓународна поддршка кои тие не се сигурни и не е сигурно дека меѓународниот фактор ќе ја даде. Јас морам да ви кажам дека шок терапијата падна и во Бразил. Фактички шок терапијата мораше да биде во серија шокови

спроведена дури и во Аргентина, иако нивните аранжмани со светските меѓународни институции се сосема други.

Затоа мислам дека сите овие други искажани работи што се или искажани како поединости, Владата да си ги разгледа, што може од нив да вгради, како што имаше и од организациона природа а имаше овде и една идеа да се основа посебна банка од прилика ЕКСИМ Банка, од таа категорија. Тоа треба да го проучи Владата, кој ќе биде основач, од каде капитал. Ако капиталот биде од Стопанска банка се јавуваат две прашања. За Стопанска банка ова Собрание во поранешните состави во последните 20 години издало гаранции на Светската банка и на сите други кредитори, токму на Стопанска банка, и како во светот воопшто ќе се разбере истата држава која издала гаранции за солидноста на таа банка, сега ја дестабилизира и го зема токму својот капитал, а не некој друг. Така што тоа е сигурно уништувачко делување токму на репутацијата на цела Република. И тоа треба да се проучи - дали воопшто смее да се мисли на тоа. А второ колку што видов во истиот говор беше даден и предлог тој капитал да се даде на лицитација, на конкурс, кој што може да го земе друга банка или пак да оди во Народната банка. Тоа се различни предлози- Нека си ги проучи Владата, да види колку се тие меѓу себе противречни, колку држат, колку имаат основа и дали воопшто имаат основа. Секој предлог надлежните органи добро нека го погледнат, добро нека го претресат и од сите страни нека оценат и да заземат став.

Сега, зошто јас велам вака. Ние сега треба да донесеме заклучоци, по мое мислење, сепак дека во овие услови, а сакам да ви кажам дами и господа, дека се наоѓаме во ситуација во каква не се нашла ниту една друга земја, и дека таа ситуација не може многу да трае. И, токму тој период што претстои во совладувањето на тој основен проблем за меѓународно признавање, ние би требало да ги преземеме овие потези иако знаеме дека

се многу тешки, знаеме дека нема да дадат резултати што би сакале да се постигнат, но, во овој момент, според расправите во комисиите и овие овде дека ние не добивме вистинска алтернатива на тоа, освен да кажеме да не се презема ништо или да се донесат некои сосема други мерки, овие да не се донесат. Кои се тие мерки, не се кажа. Да се донесат законите, тоа не е алтернатива. Законите, нормално, ќе се донесат. Меѓутоа, треба и овие мерки да се донесат. Тоа не е замена едното за другото. Тоа се две материи, две различни материи. Оттаму предлагам ние сега да минеме на усвојуваше на заклучокот и бидејќи нема други амандмани, прво да се осврнеме на амандманот на господин Петров а потоа да го усвоиме заклучокот , т. е. да го дадеме на изјаснување.

Дали се согласувате да работиме на овој начин? (Гласови на одобрување).

Амандманот на господин Петров го имате.

Дали господин Петров сака да каже нешто? (Не).

Дали некој друг бара збор? (Не).

Го ставам на изјаснување амандманот на господин Петров.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеника).

Девет пратеника гласаа за овој амандман, и според тоа амандманот не е усвоен.

Го ставам основниот текст на заклучокот на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (67 гласа).

Дали е некој против? (20 гласа).

Дали има воздржани? (3 гласа).

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Со тоа ја искрпивме расправата по првата точка од дневниот ред.

Предлагам да се договориме. Дали ќе работиме ние сега додека ги донесеме сите закони или само до пет часот?

(Гласови од салата: - да се продолжи со работа).

Значи продолжуваме да работиме. Ќе видите дека е невозможно, но ќе пробаме.

Минуваме на **точката 2** - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоци.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и Законодавно - правната комисија ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Кој бара збор?

Има збор госпоѓица Јумеровска.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, уште во стартот ќе кажам дека ќе се изјаснам за донесувањето на овој закон и мислам дека му е познато на овој Парламент дека неодамна кога уследија првите измени на овој закон се залагав за поригорозна казнена политика, и покрај тоа амандманите што ги предложив на Законот за прекршоци не го добија потребното мнозинство за да бидат вградени во овој закон. Мислам дека принципот на автоматизам за кој што се залагав и тогаш, сега веќе е застапен во овој закон. Меѓутоа, искажувам резерва во врска со член 13 од понудениот закон во кој што се вели дека сите прекршочни мерки што се вградени во други законски норми ќе бидат усогласени 30 дена согласно од донесувањето на овој закон. Следејќи нашата парламентарна практика во која што седниците не се свикуваат само на 30 дена, туку може и повеќе, а веќе имавме едно претходно поучување за тоа како треба да работи Парламентот, откако ќе

го донесе Деловникот за работа, мислам дека би било пожелно Владата да се потруди во законските норми за 30-те дена да бидат вклучени измените за сите инспекциски органи кои што почитување примена на санкции и мерки во својата работа а воедно подразбира и измена и носење на нов закон за работни односи, како и законот за основни права од работен однос, кој што е сојузен закон и кој што, во овој случај, имам такви сознанија дека ќе биде вклучен во законот за работни односи, така што измената односно она кое што значи казнување на лице место за непријавување на работник како што во овој случај казната изнесува само 2000 денари, а тоа значи прибирање на сите даноци по основ на приватното вработуваше, ќе може да најде во праксата и своја примена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, овдека се предлага да се донесе закон кој што има значење на системски закон, по скратена постапка, каде се напушта досега една таканаречена светска институција за начин на казнување и се воведуваат некакви нови форми за казнување. Овој закон, вака, иако Собранието одлучи јас не можам да го изменам, во која постапка ќе се донесува. Меѓутоа, треба да сфатиме како луѓе кои создаваме држава и кои што во државата определуваат норми како граѓаните ќе се однесуваат во таа држава.

Јас не знам од каде и по која основа се најде како казнена единица, вид на казна да се јави платата. Постојат видови на казни, а тоа се парични казни и временски казни. Временските казни се затворот. Колку ќе трае се одредува од до. Овде сакам да кажам една работа што ни се нуди да се

вратиме на системот на размена и да се дојде, да се казни со два товара жито, со еден товар сливи, со еден товар грозје, со ориз и сл. Ќе треба да прашаме сега, кога ќе дојде, кој е тој ориз, кои се тие сливи, кое е тоа грозје. Ние ниту во еден дел во Уставот не предвидовме дека ќе имаме ваква казнена одредница. Од каде ова сега се измислува Што се сака да се постигне? Гледам од извештајот односно од образложението дека ќе се следи инфлацијата. Ве молам, дали инфлацијата ќе се следи со ваков текст, вели "последен месец". Тоа е "паричната казна може да се пропише во износ од 1/2 до 100 плати од просечната плата во Републиката, исплатена во последниот месец."

XIII/1 сј/вц

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Што значи тоа после еден месец? Од месец на извршување на престапот, од месец на почнување на постапката од месец на изрекување на казната, од месец на извршување на казната. Ова се елементи кои се нужни да се обработат во постапката. Ние ќе сакаме и можеме да нудиме новини, меѓутоа кога ќе треба тие новини и да имаат инструменти за спроведување ќе мора да се размислува и на нив. Државата ќе има снага и ќе може да воведе ред и ќе добие епитет на правна држава ако законите кои се донесат и се извршуваат, ако се бара да се оди на нови начини, што значи, тоа како ќе се спроведува се експериментира, а само со овој закон она што ова Собрание сега за мерките за сопирање на инфлацијата се потира нема да има значење, ние не можеме да знаеме во извршната постапка што ќе работиме со оваа казнена политика. Што е оваа казнена политика. Беше помошникот министер и ние разговаравме, начелно, ако сакаме, јас не сум против тоа за јакнење на ова безредие, тоа настанува ако казната нема ефект, казната има ефект во време, во даден момент, може да биде прогресивна, регресивна зависи како се постигнува ефективата кога казната се пропишува. Овде што ќе направиме. Година дена и повеќе ќе одиме на вратата на Заводот за статистика која плата денеска е исплатена, кога е исплатена, што било, кој земал, кој не земал, до каде дошло, кога ќе биде и политиката ќе биде пробиена. Меѓутоа, ако се оди дадовме предлог, тоа е мое, сакаме да ја заостриме казнената политика, имаме потреба да оние кои го прекршуваат законот во одредено време, во одреден момент ќе треба да пројават дисциплина тоа е да казната веднаш дејствува, и во тие случаи казната се распишува ако се

работи за парична казна или временска казна се распишува во распон, распонот да биде поголем. Што се постигнува? Се постигнува на органот или на судот кој ги изрекува овие казни да према потребата на време се спроведува казнена политика. Тоа значи казнена политика да тие закони, тие казни што се пропишуваат во поголем размах доаѓа да се изречуваат во одредено време. Овде, јас само едно ќе ви кажам се предвидува, ако се земе во овој момент да е 100 иљади денари просек на плата, а постојниот сегашен закон кој сакаме да го мениме е 1000 денари казната пропишана во минимален износ, се казнува со 1000 денари, ве молам се покачува одеднаш најмалата казна за 1000 пати. Со што е земено тоа да не може органот да се кој оној повратник и првиот сторител имаат исти третман. Во што е улогата тогаш на судот, на тие органи. Да води казнена политика, како, кога има одредена казна, казната му е 10 години, казната му е 1 ден,казната му е 100 денари, казната му е милион денари.

Овде господата од правосудството веројатно барајќи нов систем го пренабрегнува или го превидела, така шаховски се изразувам, го превидела овој потег на воведување на нови казнени мерки. Затоа предлагам, да ова собрание сакаме да имаме ефектива во казнената политика да ги направиме размаците од минимална до максимална казна затоа што господа овдека се работи за Законот за прекршоци кој ги предвидува рамковите казни, сега поединечните казни кои се повеќе над 100 ќе треба ова Собрание накнадно да ги донесе, ќе треба тие казни да се усогласат таму, ако одиме пак таму со плати што ќе направиме да видиме, овде да направиме поголем распон од еден до 100 или од 1 до 500 или од 1 до 1000, од 1 до 2000, од 1 до 10000, а оној што ќе ја спроведува постапката и кој ќе изречува казни тогаш ќе води сметка како, кога и кој со што ќе го казнува и со која казна. Значи, ќе има казна и за 1000 денари, меѓутоа ќе

има и за 100 илјади денари, односно ќе има за милион а ќе има и за 15 милиони. Ова ќе има и смисла и ефект и многу побрзо ќе се работи. Зошто,? ќе треба луѓето кои изрекуваат казна да бараат начин како ќе ги изречуваат овие казни, ќе мора да водат политика како тие казни ќе делуваат, а носиме Антиинфлациона програма. Сега дали сами на себе да си направиме непријатност. Тоа е.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Веќе доста сме заморени и јас на кратко би кажал само неколку збора. Колегата претходно што зборуваше не прави разлика измеѓу принципот на одреденоста на казните и методологијата на утврдувањето на казните затоа прави конфузија во врска со мешањето во постапката пред изрекувањето на казните на судовите и во врска со методологијата на утврдувањето на казните. Ако беше општ став на Законодавната комисија на која и тој е претседател да се изнајдат методи каде казната нема да го губи своето вистинско значеше и Министерството за правосудство следејќи го овој пат се определи да му предложи на Собранието токму ваков закон кој овозможува три битни елементи да бидат спазени, а тоа е дека со прифаќањето на ваков модел, ваква методологија на утврдувањето на казните се обезбедува казната да не го губи вистинското значење на Законот бидејќи во Република Македонија сите овде констатиравме денеска дека казнената политика ни е никаква и дека хетерогеното кршеше на сите закони придонесува крајно да се легитимира и правниот поредок на Република Македонија, а поради оптовареноста на Собранието постојано држејќи го стариот принцип на фиксно одредени казни и на казни од размах кои на судијата му овозможуваат секогаш да ја изрекува најблагата казна фактички ние го стимулираме правењето на стопанските престапи и на прекршоците во Република Македонија, па следејќи го ова ние му

предлагаме нова методологија на утврдувањето на казните, а не го менуваме принципот на одреденоста на казните. Казните се одредени во плати, но тие ќе се изрекуваат во денари по методологија како што ја утврдуваме во член 1 во точка 4 и 5 кои денеска ги предлагаме. Сакам да кажам дека Законот обезбедува казната да биде вистинска казна која на законот му дава како заповед на државата да го стимулира однесувањето на граѓаните во пожелната насока едно, а тоа да не го оптоварува овој Парламент секогаш месечно да донесува такви закони односно бидејќи сме нестабилно економско општество и со инфлација од 100% месечно фактички ние останува без казни од трета страна и од четврта страна можам слободно да кажам дека веќе го напуштаме факултативното изрекување на заштитните мерки и предлагам облигаторно применување на заштитните мерки која сметаме дека ќе биде во вистинска функција во дадената функција на почитувањето на правните прописи.

Согласно заклучоците што ги донесе Собранието на Република Македонија на членот 344 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија му предлагам да овој законски проект го прифати и биде усвоен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немав намера да се вратам, меѓутоа господинот министер прво што кажа рече дека се работи за целта на казнувањето. Рамни сме и по образование и по знание. Сакам да кажам само едно, па можеби на некого не му одговара, но така е. Целта на казнувањето нема да ја штити државата, целта на казнувањето секогаш и теоријата го обработува дека го штити извршителот на делото и ние не можеме да одиме сега ако го прифатиме ова од министерот. Ние треба да прифатиме дека преку законот

ќе треба да ја поттикнуваме инфлацијата, инфлацијата треба да се сузбива. Зошто викам вака.

Прво, ако оди во полза на сторителот треба тој да се превоспита да не прави престапи, односно да не чини кривични дела, а не да се натера да чини. Ако ова, јас не ги викам сите господинот министер ќе го повикам нека ме побие во ова, ако ова не е основ, а другите кои што не се занимаваат со оваа работа ќе им биде смешно затоа што не им е јасно.

Второ, методологија да. Методологијата ќе има смисла ако има инструменти. Министерството во образложение не ни ги даде кои се тие инструменти со кои ефикасно ќе се делува, а во инструментацијата се сметаат и извршителите, а тоа се судии, тоа се органи во управата. Дали досега негде во бел свет имало вакво казнуваше и ние ќе се повикаме што е практика или и понатаму ќе продолжиме да бидеме експериментална заедница. Јас од овие ако з оваа методологија да правиме експерименти, јас се повлекувам.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас само сакам да кажам дека господинот Томислав Стојановски требаше да каже дека известителот од Законодавно - правната комисија, првин тоа, мислам што е ваша должност затоа што добивме извештај дека вие сте известител по овој закон, упатно беше и ред е тоа да го кажете, и дека видно од извештајот на Законодавно- правната комисија, Законодавно -правната комисија утврди она што и беше надлежност дека има уставен основ за донесување на законот и дека има потреба од донесување на закон.

Второ, исто така, го имате извештајот од матичната комисија по тој закон каде што исто така кажува тоа што кажува. Се дава позитивна виза.

XIII/6

Инаку прашањето за расправа на величината и методологијата на ова што ја утврдува воспоставувањето на казните за прекршоци исто така адекватно на тоа и законот за стопанските престапи е предизвикано од причините што целисходна ги образложи овде министерот за правосудство и што се виде и од образложението и на едниот и на другиот закон. Мислам дека само постои според мене една ментална пречка да може да се свари едно ново решение што во случајов не менува ништо дека ја прави и понатаму паричната казна парична, а дека оној првичниот момент што е и цел што треба да се постигне со овие закони, сега за двата зборувам, користам прилика е тоа да се постигне постојноста на казнената политика и висината на заплетување од казна за сторените прекршоци и сто- пански престапи. Во вакви услови на обезвреднување на денарот како платежно средство што го имаме ние, всушност само едно техничко прашање се создава автоматски механизам кој ќе ги одржи одредените казни во сите закони за прекршоци на едно нормално вредносно ниво и ништо повеќе од тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Сакам да напоменам, основниот спор е околу тоа дали да биде по итна постапка или да не биде по итна постапка, а се друго е образложение што го дава господинот Стојановски кои работи во меѓувреме да се испитаат. Меѓутоа основниот спор Собранието одлучи. Ги прифати образложенијата на господинот претседател на Владата кога кажа во образложението за итност на сите закони и Собранието за тоа гласаше.

Па сега дали има потреба господине министре?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Само една информација, да кажам дека Законот во правната и политичката теорија има значење на заповед кој држава го упатува на

определен круг на адресати, на поедините во заедницата или во државата, да го мотивира нивното однесување во пожелна насока притоа претејќи во противност со некоја непожелна последица, а тоа е казната или санкцијата. Па оттука нека заклучи што значат казните или санкциите кои се предвидуваат. Сакам да кажам и тоа дека во светот не е непознат овој метод и дека скоро сите скандинавски земји го применуваат, а тоа значи ја применуваат казната денглоба, тоа е Шведска, Данска,Финска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сепак е ова колегијално надмашување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Реакција на пратениците во салата)

Колеги пратеници, вие говоревте со говори од 81,  82, 79 година по цел час,никој не ви кажа ауу. А сега од она што треба да живее државата..

Јас се јавив за господинот по презиме Стојановски, рече дека сум заборавил да кажам дали одлуката на Законодавно - правната комисија го поддржала овој закон, па ги наведе основите дали има потреба и дали не е против уставен. Тие две начела овде никој не ги спори. Тоа јас не го ни спомнав, не го ни кажав дека тоа така не постои. Извештајот на Законодавно - правната комисија е во таа смисла, меѓутоа кога ќе дојде до стопанските престапи читајте го извештајот не е баш така исто како и за оваа точка. Јас не сакам да се враќам пак повторно кај господинот министер меѓутоа додаток само на она што го кажав дека казната е некој да се доведе во рамките на однесување, а тоа правнички значи да  се превоспита, да е пренаобрази, да почитува нешто, казната нема за цел на некој да му се освети, казната нема осветнички однос затоа што оваа држава на која јас и припаѓам и другите го немаат за систем талион.

XIV/1/JM/OM

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана на седницата одржана на 9 октомври 1992 година, го повлече амандманот на овој закон поднесен на својата седница одржана на 7 октомври 19 92 година. Истовремено Комисијата за внатрешна политика и општо- народна одбрана поднесе амандман на член 1 став 1 точка 2 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Мухамед Халили поднесе амандман на член 3 со кој не се согласил претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Мухамед Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Мојата цел беше да ја натерам Владата на размислување дали паричната казна која се заменува со казна затвор може да се реализира на поинаков начин. Меѓутоа, одговорот е дека тоа се стори така во целиот свет. Јас сакам да ги натерам луѓето на размислување која цел сака да се постигне во услови кога паричната казна се заменува со затвор. Да се реализира казната, или да се затвори тој што сторил прекршок. Бидејќи има и нелогичности во самиот член 3 на Законот и вели дека затворот не може да трае подолго од 30 дена. Меѓутоа, ако сторителот има плата 30 иљади, или 60 иљади, додека сторил прекршок за 90 иљади, сега барам одговор

како ќе ги плати тие 30 илјади кои не може да ги реализира со затвор? Може, има и други начини преку административни забрани како што тоа било порано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Вие како пратеник по се можете да поставите пратеничко прашање, а што се однесува овде да поставувате прашање на министерот во врска со вашиот амандман, тој ќе стане да зборува ако мисли дека е потребно за изјаснување за гласањето на сите овде , или ако го менува исказот и ставот во однос на превземениот став на работното тело. Така што министерот не одговара овде на прашања, тоа е друга институција. Прашања на пратеници тоа е друга институција. Така што тој ќе процени дали сака, или не сака да одговори.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас само сакам да ве информирам за ставот на Комисијата, матичната комисија во врска со овој амандман на пратеникот Мухамед Халили. Ние го разгледавме и тој не е прифатен од една едноставна причина затоа што ова понудено решение во законот е присутно во сите правосудни системи. Што би било причината да бидеме ние некој исклучок. Тоа беше мислам само колку за информирање за ставот на Комисијата во врска со овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Директно да одговориме на амандманот. Сигурно дека е едно демократско начело кое во иднина треба да се води сметка. Но, сега да

кажам дека со бришењето на член 3 од предложениот закон фактички ќе создадеме простор каде законот ќе не може да регулира една материја, а законот е од системско значеше. Мислам дека ќе го дерогира целиот закон во врска со примената на оваа работа при неплаќањето на казните. Оттука сметам дека амандманот не е целисходен затоа што не нуди друго решение за разрешување на состојбата во самиот закон а како демократско начело може да го прифатиме во правењето на целокупниот системски закон да изнајдеме други законски решенија. А тоа замената на другиот дел од казната е пропишана со Законот за прекршоците. Тој и сам може да види во Законот како тоа се извршува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали останувате на ставот на Владата?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Останувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку само патем да кажам по Уставот наш не постојат систем- ски и несистемски закони. Тоа не постои. Сите закони се закони. Сите се само закони.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за,да крене рака? (9 пратеници)

Констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Мухамед Халили.

XIV/4

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот Кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Посебно се говори, сакам сега една работа да кажам. Почитувани колеги, со вака предложени казни не е запазен ни основниот принцип и казната во себе има социјала. Во што се состои таа? Се предвидува распон од една , односно половина до сто плати. Се зема како што кажува овде последниот месец, ќе биде средна плата колку ќе биде, да го земеме индексот сто. Сега зошто не е запазена социјалата? Паричната казна секој еднакво не го погодува. Затворот секогаш секого еднакво го погодува, а овде паричната казна што станува? кај неа се појавува оној кој има една плата, да биде индексот илјада денари, а другиот има сто илјади, а се казнува со една, или половина плата, во тоа е социјалата што тие не се еднакво, создаваме нееднакво казнени луѓе, а казната мора да ги погоди сите еднакво. И ако немаме распон за секоја казна од до денари, не може да добиеме Ние ако имаме распон од еден денар до сто илјади, тогаш оној што ја изрекува казната ќе може да цени сите еднакво да ги погоди казната. И што беше предлог на господинот да не се заменува, нема место.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ислушавме господинот Стојановски со еден коментар на текстот за казните, меѓутоа тој нема амандман и ние немаме сега што да расправаме.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

XIV/5.-

Кој е за,молам да крене рака? (54 пратеници)

Дали некој е против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците.

Минуваме на **точката 3** - Предлог на закон за изменуваше и дополнување на Законот за стопански престапи.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Законодавно - правната комисија Ви се доделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана на седницата одржана на 9 октомври 1992 година го повлече амандманот на овој закон поднесен на својата седница одржана на 7 октомври 1992 година. Истовремено, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана поднесе амандман на член 1, став 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

XIV/6.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (50 пратеници)

Дали има некој против? (2 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласаше (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за стопански престапи.

Ве молам, да се договориме.

Има збор Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, претпоставувам дека навистина владее умор и меѓу вас со оглед на тоа дека три дена заседава Собранието, било на пленарна седница, било на седници на комисиите. Меѓутоа, би сакал да го имате во предвид следното. Владата би молела доколку имате можност сепак да продолжиме со работа и да направиме напор вечерва да се обидеме и останатите закони да ги донесеме и тоа од следнава причина. Сите овие закони би требало да бидат донесени во ист момент кога и одлуките и уредбите на Владата, односно би било најдобро кога тие би биле во ист момент донесени заради ефекти- те што треба да се постигнат. Тоа е едната работа.

Втората работа е, да речеме имаме овде предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републикава. Да ве потсетам дека Владата заедно со другите два социјални партнери, а тоа е Стопанската комора и Синдикатот веќе има потпишано анекс на Колективниот договор. Со овие измени се предвидува постоечкиот во овој момент сеуште важечки

закон за исплата на платите тие одредби кои што се однесуваат и кои што сега се регулираат со анексот на Колективниот договор да престанат да важат. Да ве потсетам дека денеска е веќе 9-ти октомври, не верувам дека ќе може Собранието да продолжи со работа претпоставувам пред вторник, односно среда, така ќе биде заложбата на некои од пратениците. Тоа значи дека нека- де 13-ти, да ве потсетам дека еден добар дел од претпријатијата од стопанството во овој период заради двојноста на постоењето и на Законот и на Анексот не ќе можат да пријдат кон исплата на платите. Тоа е едната работа. Понатаму имаме предлог за донесување по итна постапка на закон за посебен данок од платите. Доколку и некои од нив се решат да ги исплатат платите, тоа значи дека овој циклус на платите со овој Закон го губиле како можност веднаш да почне да се реализира итн. Исто така, се однесува за важноста и за кредитно- монетарната политика, точката сега ми се чини под број 8. Јас би ве замолил, претпоставувам дека навистина владее замор кај вас, меѓутоа смогнете сили, направете напор и вие, а и ние со што и нас би ни олесниле за да можеме веднаш да преминеме кон оној друг дел на работи што припаѓаат во надлежноста и ингеренциите на Владата.

На крајот на краиштата навистина ситуацијата и состојбите и во стопанството и воопшто во општеството се до таа мера сериозни и тешки и мислам дека треба да најдеме сили во овој момент, сепак да се издржи и да се работи до крај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да го уважиме ова барање и да работиме навистина колку што имаме сили, па да видиме до кога можеме.

XIV/8.-

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Предлог на закон за изменуваше на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката.</u>

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство, Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно-правната комисија, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање на нов член 1-а и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 1 со кој не се согласила Владата.

Отворам претрес по Амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Ве молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

И на Комисијата за буџет и финансирање укажавме на нелогичнсот во поглед на примената на анексот на општиот колективен договор, а и на самиот закон кој сеуште ќе биде, ќе циркулира во правниот промет во државата. Затоа што насловот на законот гласи: Закон за исплата на плати и други надоместоци и дивиденди.

Член 1 кој што регулира, односно општо уредува дека со овој закон се уредува исплатата на платите и другите надоместоци и дивиденди во републиката ако се укине ќе останат само членовите 8, 9, 10 и 11 кои што

претставуваат закон, одредби кои што регулираат не исплата на плати и други надоместоци, туку забрана за исплата на плати и други надоместоци. Од тие причини сметам дека постои една несоодветност и понатамошното опстојување, односно останување во правниот промет на законот за исплата на платите од една страна и од друга страна примената на анексот на општиот колективен договор заради што и Владата се залага да ги регулира односите и одредбите за начинот на исплатата на платите и другите надоместоци и дивиденди. Од таа причина сметам дека член 1 треба да остане за да не произлезе дека Законот кој и понатаму ќе остане да егзистира, а носи наслов Закон за исплата на плати и други надоместоци, треба да си остане и понатаму во истиот член независно од примената на анексот на општиот колективен договор. Иако моја лична определба беше заради ургентноста на состојбите заради што и при донесувањето на антиинфлаторната програма го донесовме Законот за исплата на плати и други надоместоци и дивиденди во Републиката. Овие одредби од анексот на општиот колективен договор кои што Владата ги договори со останатите потписници на анексот и на општиот колективен договор да бидат во форма на одредби на законот за да не се случи уште во старт заради незадолжителната примена на одредбите од анексот на општиот колективен договор да го постигнеме спротивниот ефект од примената на она што во знак наводници е договорено.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Затоа и ќе ни се случува струкови - синдикати, независни синдикати и други облици на организирање синдикални на работниците, постапувајќи по нивните барања за зголемување на платите да не ги почитуваат одредбите од овој договор, СОК да не може да врши задолжителна проверка, контрола и примена на исплатата на платите и другите надоместоци, бидејќи не е закон, туку е договор и во таа смисла сметам дека сите одредби од тој колективен договор, во тој период кога сакаме да ги стабилизираме односите во Републиката, треба да бидат во форма на закон. Инаку, амандманот кој што е поднесен сметам или законот треба целосно да се укине или пак членот 1 да си остане. Инаку, добиваме закон кој нема да соодвествува со содржината на текстот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор по амандманот на Тодор Петров? (не).

Дали претставник на Владата ќе одговори?

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Почитувани пратеници, со оглед дека предлогот на Амандманот на господинот Петров во суштина не менува ништо, предлагаме да го прифатиме тој амандман и да остане онака како што предлага пратеникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, составен дел е на законот.

Продолжуваме со претресот на текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (52 пратеници гласаа "за")

Кој е против? (9 пратеници)

Дали некој е воздржан од гласање? (4 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменуваше на законот за платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката.

Минуваме на **точката 5** - Предлог на закон за поседниот данок од платите и од пензиите.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство, Комисијата за труд и социјална политика и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека Комисијата за стопанство и Ко- мисијата за финансирање и буџет предлагаат овој закон да го симнеме од дневен ред, бидејќи нема потреба од негово донесување со оглед на и онака ниските плати во Републиката кои се оптеретени со не мали зафаќања по основ на даноци и придонеси.

Отворам претрес по предлогот на комисиите.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Дали претставникот на Владата ќе каже нешто? (Не).

Значи, останувате на законот.

XV/3

Отворам општ претрес. Дали некој бара збор?

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, со внимание ги прочитав извештаите на двете комисии, а воедно немам никакви сознанија од Владата какви економски реперкусии односно какви економски последици ќе има донесувањето на овој закон за внесување на посебно оданочување на личен доход кој е двојно повисок од просечниот. Ако во овој случај просечниот личен доход во Република Македонија односно просечна плата е 61 по однос на договорот доколку го усвоивме законот и ако тој прогресивно расте, тоа значи дека основна стапка на оданочување ќе биде 120 илјади денари. Незнам кој се економските ефекти кој што Владата ќе ги постигне со овој закон, а доколку е неусогласеноста кој што во поедини фирми односно претпријатија ги има помеѓу првиот и последниот човек, тоа се последици на нерешените односи односно погрешните правилници кој што ги има во тие претпријатија. Можеби ќе има за економска последица односно соодветен економски ефекти, доколку ова оданочување не биде на основица од двојна плата во Републиката, туку ако тоа биде повисоко односно на три и четири и понатаму, и доколку тоа оданочување биде прогресивно. Со оглед на тоа што ова Владата не го нуди, бидејќи нема никакви економски последици, го проследувам мислењето на комисиите и предлагам Собранието да не гласа по овој закон-

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници.

По овој закон во делот на општата расправа по мерките беа кажани доста работи кои одеа во прилог што би донел овој закон како ефекти. Ценејќи ги таквите искажувања, како и искажувањата кои што беа содржани во заклучоците на двете комисии. Јас имам еден конкретен предлог кој што милам оди на линија да оставиме еден временски простор малку подржано да го согледаме сето ова што се предлага во делот на законот. Од тие причини сметам дека нема елементи да биде прифатен предлогот овој закон да се донесе по итна постапка. Од тие причини предлагам да се воведе една нормална процедура за донесувањето на законот, а само да расправаме и да го поддржиме евентуално предлогот за донесувањето на законот. А, целокупната понатамошна постапка да биде можност и на Владата, па и на пратениците најконсеквентно да ги согледаат сите можни решенија кои што треба да идат на регулирањето на една ваква материја. Затоа, предлагам Собранието да се произнесе по овој предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да објасниме, предлогот е јасен, меѓутоа, Собранието се изнесе кога ги уважи образложенијата на претседателот на Владата дека е тоа за итна постапка. Меѓутоа, ценејќи ја сега ситуацијата, за што сега е политичка одлука на Владата и ништо друго, ако Владата одлучи овде да предложи овде да оди по редовна постапка овој закон и го преиначи предлогот, тоа е само право нас Владата. Зошто? Затоа што две комисии се против овој закон, а две се "за" и се га може да биде ризично законот да падне и да не се изгласа.

XV/5

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Собранието може да прифати од Владата предлог на било кој закон за да се разгледува по итна постапка и тоа е во ред, за да се стави на дневен ред. Меѓутоа, не мора да значи дека Собранието тој предлог на Собранието по итна постапка мора да го прифати. Како известител на Комисија за буџет и финансии сакам да кажам дека Комисијата не го прифаќа предлогот законот да се стави во редовна постапка па да биде донесен. Комисијата за буџет и финансираше воопшто не го прифаќа ваквиот законски проблем.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас го поддржувам предлогот да се донесе закон за посебен данок на плати и пензии.

Прво, претходните дискутанти дека недоволно има Владата образложение мислам дека не го прочитале, а не дека нема доволно. Има до најмали детали намена на средствата.

Второ, исто што се бара одлагање, ова е краткорочен закон и ако го одложиме ќе го пропуштиме и рокот за евентуално било кога да го донесеме.

По однос на донесувањето е оправдано во смисла што денес се наоѓаме во посебна состојба на голема невработеност, неспроведена рационализација, превработеноста во државните органи и во стопанството нема никаква надеж на младите да се вработат, ние не ги напуштаме нашите места, независно треба или не треба, единствена солидарност е оваа и во прилог исто, вработените од стопанството бараат ураниловка, односно кога ќе се зголемува личниот доход бараат со ист процент, 10% за

сите вработени од најниското до претседателот на Републиката. А ние постојано земаме процент на претходниот доход и постојано се оддалечуваме со разликите во личните доходи. Единствена форма од времен карактер солидарност на невработените односно на оние од другата страна на нашите места кои немаат надеж и сметам дека ова е најисправно и единствена мерка моментално, а ќе покажеме сами, овој закон да се донесе од времен карактер и да дадеме рака на останатите кои немаат никаква надеж ни материјална ни место за вработување.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Дискусијата на колегата Крстевски ни даде за право уште еднаш да се обидам да го изнесам моето мислење врзано со дадениот предлог. Јас и понатаму тврдам со убедуваше дека овој закон не ги решава проблемите, ниту на вработувањето на оние невработените, ниту ќе го реши прашањето на собирање на некои позначајни средства со кои ќе може Владата да прави одредени решенија дали од аспектот на полнењето на Буџетот или разрешувањето на поединити социјални проблеми. Кога реков дека законот не е доволно образложен и дека не се согледани сите консеквенции кои ќе произлезат, сакам да го елаборирам со следното. Поаѓајќи од донесувањето и изменувањето на решението за начинот односно за новиот начин нарегулирање на личните доходи каде што ние со ова решение веќе прифативме да го решиме прашањето на најнискиот личен доход, односно најниската цена на работната сила. Од друга страна го лимитиравме понатамошната можност за еден додатен додатен простор на една

стимулативна и квалитетна основа на распределбата, во тој случај веќе со доаѓањето на едно вакво решение кое не е прогресивно по однос на обемот на средствата за плати што еден работник ќе ги добие во текот на месецот, ние практично правиме еден сосема друг неквалитет кој ќе предизвика други проблеми. Од тие причини сосема е логично прашањето дека треба овие работи Владата уште еднаш комплексно да ги согледа и од една страна кои ефекти ќе бидат донесени што со тоа ќе предизвика на дестимулативна основа и од тие причини мислам дека е сосема во ред да се примени една редовна процедура, сите тие работи Владата да може најцелосно да ги согледа и да можеме со мирна совест да гласаме за еден ваков закон.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас давам целосна поддршка на законот веднаш да кажам се декларирам, не од причини на тоа што законот нуди некои решенија кои навистина се јасни, туку сфатен во пакетот на мерки и во констелација во мерките кои што се нудат и состојбата која е во Републиката во однос на средствата за распределба ан личните доходи кај широк социјален слој во Републиката. Ако внимателно ги гледавте цифрите од 460 илјади вработени некаде под ударот на овој закон ќе паднат околу 30 илјади вработени или обврзници. Тоа зборува дека се работи за една структура на вработени во која мислам дека без исклучок влегуваме сите кој сме во оваа сала како пратеници и од Владата, тоа треба да се има во вид дека нема да донесе големи ефекти економски и ако се направи само една проста математика овие 30 илјади со 10%, со просечниот  личен доход што таа структура го

има некаде од 250 иљjади денари, може да се види дека се работи за една цифра од околу 5 до 6 иљјади денари месечно. Толку се економските ефекти, плус или минус нешто. Очигледно дека голем економски ефект нема, туку дек има еден широк психолошки и социјален ефект во тоа во сегашни услови како што е Републиката, тоа прашање е непобитно. Мислам дека ние како пратеници треба да дадеме добар пример и прилог во тоа иако не се слагаме интимно со добар дел од решенијата на овој закон да дигнеме рака во прилог на донесува&е на тој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално сака нешто г-ѓа Гулистана Јумеровска.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Најостро протестирам против инсинуациите кои беа изречени во врска со гласањето на доверба или недоверба на овој закон, заради тоа што во него се вклучени пратениците односно членовите на Владата. Тука не се работи за пратеници и членови на Влада, бидејќи безобѕирно ако се донесе еден закон кој што ќе воведе прогресивна стапка на донесување, која што ќе биде повисока од 3, а не еден спрема два, бидејќи во тројцата спаѓаат и пратениците и членовите на Владата, тогаш ќе бидат засегнати оние што имаат повисоки лични примања во текот на месецот. Меѓутоа, тоа нема да биде еднакво за оние кои што имаат 150 иљјади денари личен доход и оние кои што имаат 8 00 иљјади. Според тоа, залагањата Ви се молам ако може. . .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, немате... Вие си искажавте мислење и протест, Вие рековте процедурално ќе кажете, а не кажувате што е.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Процедурално беа направени инсинуации...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие искажете се сега штом дојдовте на говорница, после треба да кажете процедурално зошто добивте збор.

**ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Процедурално Вие мислам дека требаше и како претседател на Собранието да интервенирате дека не може да се инсинуира...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално Вие да ја напуштите говорницата, ако не кажете тоа што треба процедурално. Вие нема, озбилно, ако..., а инаку ќе си добиете збор кога ќе Ви дојде ред. Овде други има сега на ред да кажат.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Благодарам, ќе ја напуштам говорницата и Ви благодарам за апологетството и протекторатот врз Парламентот кој што не е Ваш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да си одите, а ќе Ви дадам збор после. Сега има збор Симеон Иванов.

XV/9-а

Не, не, ве молам, јас знаев дека ќе настане збрка, па затоа и интервенирав овде. Немојте такви ситни работи, не оди така. Тоа е искокнување од ред овде од седницата, така не може. Тоа се ситни лукавства. Зошто така правите. Чекајте малку, материјата е на дискусија, нема друга.

За збор се јави Симеон Ивановски.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас уште во излагањето по општиот дел на Програмата се искажав по овој закон и изгледа повторно дел од тоа што кажав да повторам, евентуално нешто ново да изнесам за аргументите зошто не се согласувам со овој закон.

Прво, Комисијата за стопанство расправаше, а јас во својство на известител од истата, иако беше соопштено да кажам дека таму сите едногласно ценевме со одредени аргументи дека навистина овој закон нема да и помогне ништо на програмата која се предлага, затоа што безначајни се веројатно средствата

(продолжува на следната страница, XV/10) .

што ќе се соберат по тој основ, нема да и помогне ништо на програмата која се предлага затоа што безначајни се средствата кој ќе се соберат по тој основ, а сметаме дека еден огромен дел од работништвото ќе го иритира заправо оној кој е товарот на работењето на нив. Од тој аспект ќе кажам од прилика, можеби често пати, бидејќи ние професијата рудар, често пати на нив се осврнувам, сега ќе кажам овде и некои други. Ќе бидат одданочени сите директни производители во рударството, во металургијата, во градежништвото, ауто возачите, машиновозачите, металците и нека ми опростат ако некои од нив сум заборавил. Сите ќе бидат одданочени. Пак ќе повторам. Невозможно е да може да се сложам со една констатација дека еден работник работи на норма и со својата норма, извршувањето на нормата постигнат од еден резултат со што си ја зголеми платата, па и затоа треба да плаќа данок. Не можам тоа да го прекутам ниту да се сложам со тоа без разлика дали овде ќе бидат надгласен. Но, должен сум тоа да го кажам.

Второ, мене не ми изгледа дека законот има еднократно дејство односно во склад со програмата за три месеци. Никаде тоа не стои во законот, туку законот е закон и стои како таков и важи се додека не се укине. Мислам не стои во законот ниту во потребата за донесување, ниту во образложението, така што не е со програмата до Нова година, да бидеме начисто. Мислам дека како закон ќе биде и во спротивност на колективниот договор, бидејќи таму се одредени во Колективниот договор односи од една страна се залагаме да го воведеме Колективниот договор, а ова го реши Колективниот договор, бидејќи тие односи одма со тоа се нарушуваат.

XV/11

Потоа, има друг апсурд со овој закон кој не е обработен. Можеби во едно семејство има вработен еден кој има 150, 200 или 300 илјади денари зависно од карактерот на работата, и одговорноста и резултатите од работењето и ќе има данок, а рани семејство од 5 или 6 члена. Во друга ситуација може да има едно семејство со 4 или 5 вработени или 5 незнам колку се сите да земаат по 110 илјади денари и ни еден да не биде оданочен. Според тоа, не се оданочува Буџетот, кол- кава е можноста на граѓанството, туку само поединечни плати.

XVI/1.- СС-ВБ

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:** (продолжение)

Тоа го изреков во претходната дискусија и пак ќе повторам, ако се смета дека со тој закон треба да бидат оданочени директорите и тие околу директорите, се согласувам со нив. Се согласувам и ние овде што седиме да бидеме оданочени, меѓутоа не се согласувам директните производители да бидат оданочени. Молам пратениците тоа да го имаат предвид при гласањето.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, се согласувам дека овој закон не е симпатичен. Меѓутоа, едно треба да расчистиме дека секаде во светот се плаќа данок. Кој како земал.

Друга е работата каков рејтинг и тоа е просек на личен доход, две плати, просто речено 200 марки, нашата интенција е за Европа, што претставува друга работа.

Како наредна работа, ние како семејство плаќаме приход Тоа е надлежност на Владата, треба да го анализира.

Натаму, сите сме свесни дека нема никаков голем ефект, но психолошкиот ефект ќе се постигне. За мене е нелогично сите пратеници, па и претседателот на Собранието, да не го прифатиме законот.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Од претходните два дискутанти се изнесе сето она што јас сакав да го кажам. Остана единствено едно мое размислување во вид на молба. Ако држи, ако не ќе се повлечам.

Пензионерите да не бидат израмнети со овој став, туку да им се даде шанса доброволно да се изјаснат. Тоа е премногу мал број на пензионери. Знам дека отвора проблем и веќе има него- дувања. Инаку, малку повеќе внимание кон пензионерите.

XVI/2.-

А, ние овде да не се натпреваруваме многу. Имаме шанса сега, од тоа што биле зборови, еве еден практичен пример, да се докажеме на дело. Кога се однесува за нашиот џеб, колку и да е тоа малку или многу сме солидарни во оваа фаза, во пакетот мерки на Владата за излегување до кризата да придонесеме поединечно или сите заедно.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Комисијата за труд и социјална политика го разгледа овој закон и морам да ве известам, а тоа пишува и во самиот извештај, дека го прифатиме овој закон од три следни причини:

Прво, што овој закон е во функција на пакетот на мерките предвидени од Владата.

Второ, што претставува многу поважна функција, од парите на овој закон се претпоставува дека ќе се обезбедува реализација на социјалната програма во делот на обезбедуваше социјална заштита и права на сите граѓани кои потпаѓаат на таа одлука. Тука се работи за сите пензионери кои имаат ниска пензија, сите работници во работниот однос кои имаат низок личен доход и сите граѓани кои не се наоѓаат на работа, невработените. Така што функцијата на тие пари е во таа насока. На име на другите работници кои имаат повеќе и повисок личен доход се јавува една извонредна солидарност, повратно, средствата да влијаат на оние работници кои се наоѓаат токму во работните организации да ги помогнеме во рамките на нивната материјална страна.

Трето, да ве известам, имајќи го предвид светското искуство дека во светот е познато издвојување на вакви средства на име солидарност од сите вработените, така што мислам дека има основ за донесување на овој

закон кој е во функција на оние со помали материјални средства.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

И самата дискусија по овој закон, според мене, покажа дека овој закон треба да се повлече на доработка, да се опфатат сите сугестии и дури потоа да се оди на усвојување затоа што ценам дека овие дополнителни мерки што се нудат да се нарушат во огромен дел ако овој закон денеска не помина.

Факт е дека скоро сите приватни фирми, сите вработени таму се водат дека примаат по дваесетина илјади денари, сето тоа е фиктивно. Потоа, треба да се види, ми се чини господинот Ивановски кажа за едно семејство колку е тој егзистенцијален минимум, колку луѓе од тоа семејство егзистираат, односно колку луѓе во тоа семејство работат и остваруваат приход над таа граница за оданочување.

Уште нешто, само да не бидам погрешно сфатен бидејќи не сум албанофоб и ако сум за соживот, сум за соживот на рамноправни основи а не на ова што се случува за цело време, соживот со отстапки исклучиво само од една страна. Бидејќи во една заедница отстапките треба да бидат од повеќе страни.

Да видиме колку брои просечно едно албанско семејство, колку едно просечно македонско семејство. Македонското семејство е 3-4 до 5 луѓе, нека се пет, знаеме со водењето на една катастрофална популациона политика дозволивме да има семејства по 15 и 20 деца. Ќе кажам зошто го кажувам ова. Сум за потполна рамноправност овде, во Македонија, од причина што, мене ми беше многу симптоматично зошто толку албанските пратеници инсистираат за донесување на овој закон јас мислам дека причината е во тоа, јасно е мислам кој ќе ја полни државната каса по овој основ. Но, мислам и тоа не е битно.

XVI/4.-

Друга една работа, зошто сум за тој соживот, но исклучиво на рамноправни основи. Мораме еднаш за секогаш да кажеме, кога ќе ги дефинираме, кои ќе бидат тие принципи на игра. Не може да се испраќа како помош на оваа држава, примерот со лековите, кои што лекови исклучиво ги собираат македонските иселеници во странство, а овде се делат подеднакво на сите. А, албанската емиграција, по некои нивни канали ја доставува помошта тука. Ако се доставува помош, таа помош да биде во рамките на државата и сите рамноправно ќе ја делиме ако сакаме да живееме во оваа држава заеднички. А, ќе повторам уште еднаш, не сум албанофоб и сакам да живееме заеднички. Но, под рамноправни услови на игра.

Затоа ценам дека треба да се дефинира тој егзистенционален минимум на едно семејство, колку приходи влегуваат во тоа семејство, колку брои луѓе, колку жители, колку се членови на тоа семејство, па да се види што останува после за оданочување. Вака како што предлага законот, мислам дека не треба да се предлага и треба да се повлече.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сакам да ве потсетам дека токму како последица на нешто што сега новата Влада ни предлага беше изгласана недоверба и на стариот состав на последиците на една политика на егалитаризам и противречностите што се јавија во економската сфера во Република Македонија. јас не можам да прифатам оваа Влада да ни подметне едно политичко а не економско решение заради подобрување на позицијата заради нешто што ќе понуди што само демагошки претставува додворуваше на оние што посебно се наоѓаат во сложена економска ситуација.

Јас сум против тоа да преовладее филозофија на поделба на сиромаштијата, туку оваа Влада има одговорност да понуди излез од оваа криза со економски предлози а не со политички.

XVI/5.-

Ваквиот предлог на оваа Влада е длабоко спротивен на пазарната економија и е неприфатлив и од тој аспект. Тоа, како што кажав, претставува само купување на социјален мир, но брзо граѓаните кои би се задоволиле во првиот момент само заради тоа што на некои што се подобростоечки ќе им се одземе, но ќе сфатат дека ништо не добиваат со ова и повторно ќе останат нивните проблеми. Повторно Владата ќе дојде во иста ситуација да мора да го аргументира легитимитетот на продолжување на својот мандат.

Конечно, сум против тоа, бидејќи тоа никаде во светот каде што тие односи се традиционално изградени и проверени не постои двоструко или троструко оданочување по ист основ.

Затоа предлагам да не се прифати овој предлог на Владата.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Најпрво да кажам дек^,искрено речено, иако се обидов тоа да го направам не успеав да го разберам колегата Пановски. незнам која му беше причината Затоа, уште се мачам да најдам кои беа причините зошто така дискутираше, меѓутоа, тоа за него.

Што се однесува до законот, во начело, морам да кажам дека се согласувам со еден таков закон иако многумина од нас тука мислат дека е политички. Полатички е во извесна смисла, но ние повторно треба да се докажеме на дело. Ако самите не се оданочиме, не можеме да бараме другите да ги оданочуваме.

Меѓутоа, во моментов сум против усвојување на ваков закон од следнава причина. Не е кажано, се обидов да најдам во законот каде е речено, односно каде ќе одат средствата. Во членот 7 е направен обид да се објасни, меѓутоа во членот 7 не кажува точно. Таму се кажува дека министерот за финансии по потреба донесува упатство за начинот на

пресметувањето и уплатувањето на посебниот данок од плати и пензии. Што ќе се прави со овие пари, дали ќе одат во Буџетот, за кои намени ќе се користат, не пишува.

Оттука, предлагам, ние вечерва да не го усвоиме ова, да го дадеме на преработување и дополнување, да се знае точно каде ќе одат тие средства. Тогаш, на следната наредна седница да го усвоиме.

Го ценам и тоа што претседателот ме замоли во пакет да ги усвоиме, меѓутоа загубата нема да биде голема. Заради тоа што, како што се наведува во образложението на Законот, ако не се наплатува еден месец вкупната загуба се цени дека ќе биде 148 милиони денари.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да ја објаснам неиздржаноста на донесувањето на овој закон заради тоа што има други закони што ги регулираат односите за оданочување на приходи по било кој основ.

Сметам дека предлогот на овој Закон за посебен данок од плати и пензии е демагошки ефект ако Владата го предложила, како што и министерот на Комисијата за буџет и финансии тоа го кажа, по барање на Синдикатот во преговорите за потпишувањето на Анексот на општиот колективен договор. Добра е и желбата за решавање на проблемот на невработеноста, меѓутоа, тоа што се кажа дека ќе се решава невработеноста со овој закон, за мене е исто така демагогија,бидејќи овие средства, како и претходниот пратеник колега, немаат наменски карактер за вработување, туку влегуваат во вкупната буџетска потрошувачка. Друго е Заемот за вработување како инструмент што бил воведуван за решавање на проблемот на невработеноста па и за негово повторно актуализирање ако навистина сакате да го разрешиме проблемот на невработеноста.

XVI/7.-

Ако е проблем со високите лични доходи кои иритираат во одделни претпријатија и правни субјекти, заради што и реагирањата на работниците можеби се оправдани, сметам дека Владата во тие преговори за потпишуваше на Анексот на општиот колективен договор погрешно прифатила одредени барања на работниците или Синдикатот како претставници ан работници и погрешно ги упатува со одделни вакви демагошки закони дека ќе се реши проблемот на внатрешната интерна прераспределба на доходот односно организациите односно претпријатијата. На работниците треба да им се препорача дека таквата политика е на погрешен пат иако се чувствуваат безнадежни во услови кога имаме еден дефектен систем на трансформација на претпријатијата од општествена сопственост во акционерски друштва каде што работниците во отсуство на огромен број законски проекти не можат да го остварат правото на влијание врз деловната политика на тие претпријатија.

И во постојниот законски систем имаме во Законот за даноците на граѓаните данок на личен доход, па можеби интервенцијата во поглед на оданочувањето за различни категории од - до во висината на личниот доход би требало да се регулира кај стапката на данокот на личен доход како прогресивна стапка.

До пред некое време имавме, според Законот за даноците на граѓаните данок на вкупен приход на граѓаните каде што лицата кои остваруваат над определениот со закон утврден цензус примања можеа да бидат оданочувани. Колку што се сеќаваме, при донесувањето на измените на Законот за даноците на граѓаните овој данок на приходи од граѓани го укинавме, иако имаше одделни барања тој и понатаму да остане.

Интервенцијата на Владата би била во насока да се регулира прашањето на оданочување на дивидендата, односно воведување данок на

дивиденда односно данок на приходи од дивиденда. При расправата на Законот за даноците на граѓаните иако имаше предлог за воведуваше на еден таков данок, Владата таквото образложение не го прифати во моменталната ситуација, надевајќи се дека тоа прашање ќе биде поконкретно решено во донесување на еден нов целосен закон.

Овој закон, според мене, не ја намалува потребната парична маса димензионирана со масата плати што се толкави колкави што се и само се залажува еден социјален слој дека ако им закинеме на тие што имаат повеќе од нив, дека проблемот на висината на платите на работниците ќе биде разрешен.

Моја забелешка е дека никој не може да скрие колкави се пратеничките плати, но лажна солидарност е да викаме дека ете ние како пратеници да дадеме први пример, да се откажеме за одделни зафаќања со воведување на овој посебен данок на плати од нашите пратенички плати кога има и друг метод, механизам за тоа да се намали, односно отстрани таа диспропорција. Да се намалат коефициентите утврдени за платите на органите на улавата. По тој критериум би ги задоволиле барањата на масата и на работниците и поширокиот слој на граѓаните, оваа категорија луѓе, граѓани во нашава држава да немаат толку енормни заработувачки какви што некои претпоставуваат дека ги има.

Од овие причини, а и од причина што самиот министер за финансии кажа дека фискалните ефекти што ќе се остварат од данокот се минимални, а не влијаат врз намалуваше на паричната маса во оптек, сметам дека Законот не треба да се усвои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме овде уште четири - пет дискутанти пријавени за расправа. Очигледно расправата е многу контроверзна.

XVI/9.-

Предлагам сега да прекинеме со расправа, да продолжиме во среда.

Откога ќе завршиме со оваа седница продолжуваме со 41-та седница.

Сите работни тела кои имаат врска со тоа да ги средат работите, а Владата има можност да оствари увид во овие искази овде и да изрече свој став.

Продолжуваме со работа во среда во 10 часот. (Седницата со работа прекине во 17,50 часот)